**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 8 јули 2005**

**година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љупчо Мешков, Стојан Андов, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганга Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Славица Станковска, Ванчо Георгиев, Љубчо Георгиевски, Благој Голомеов, Нелко Стојановски и Лилјана Ивановска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Досега картички подигнале 47 пратеника.

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

**Продолжуваме со точката 16 - Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог закон.**

Претресот по амаднманот на член 4, 5, 6 и 8, поднесен од пратеникот Назми Беќири и по амандманот на член 5 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани и по амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани, е заклучен.

Амандманот на членовите 4, 5, 6 и 8 поднесен од пратеникот Назми Беќири го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 11 за, 2 воздржани и 42 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 5 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 5 пратеници гласале за, 9 воздржани и 40 против. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 6, став 1, поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани го ставам на гласање.

Но пред да го ставам на гласање, го молам господинот Рафет Муминовиќ да вкезе, бидејќи тој е 61 пратеник во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 6 за амандманот, 5 воздржани и 44 гласале против амандманот.

Како што реков во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Со оглед на тоа што амандманот на член 5, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска и амандманот на член 5 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски, кои се точки 16 и 17 од списокот на амандманите по кои се води претрес, се поднесуваат се однесуваат на исто прашање и предлагам по нив да водиме заеднички претрес, а гласањето да го вршиме за секој од нив одделно.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 52 за, нема воздржани, 5 против, а во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска и по Амандманот на член 5 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманите не се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Амандманите не се прифатени.

Дали некој бара збор?

Госпоѓа Којзеклиска имате збор.

Повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

За да не загубиме континуитет од вчера, во членот 5 согласно предлогот од Владата се вели: "Во единиците на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа, согласно член 2 од овој закон пред и во објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основан и од државата, јавните служи основани од единицата на локалната самоуправа, на улиците, на плоштадите и другите инфраструктурни објекти, покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа заедница:

- во денови на државни и други празници на Република Македонија утврдени со закон,

- во денови на празници на заедниците,

- во денови на општински и други празници утврдени со одлука на Советот на единиците на локалната самоуправа,

- при пречек и испраќање на претседателот на Република Македонија и претседателот и членови на Владата на Република Македонија,

- при официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава, како и на суверен и на овластен претставник на меѓународната заедница.

Ова што го прочитав е членот 5 од Предлогот на законот за употреба на знамињата. Со мојот амандман, почитувани колеги, барам зборовите "покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа заедница", да се заменат со зборовите: "постојано се истакнува знамето на Република Македонија, а пред овие објекти може да се истакне и знамето на таа заедница". Сега, ќе го образложам овој амандман. Искрено да ви кажам јас сум фрапирана од вакиот предлог, посебно на членот 5 и сите понатамошни членови. Покрај тоа што сум фрапирана од ваков брзопотезен закон, и ќе го споредам овој член 5 со членот 14 од Законот за грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Во интерес на почитуваните колеги, јас ќе го прочитам и членот 14 од постојниот закон кој вели. Значи, да не заборават колегите, се работи за државно знаме сега ова што ќе го читам, не за знаме за етничка заедница. "Знамето на Република Македонија се истакнува:

1. Во денови на празниците на Република Македонија утврдени со закон на објектите во кои се сместени органите на државната власт, единиците на локалната самоправа, јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија кои ги основа Републиката, односно единицата на локалната самоуправа.

2. При испраќање на претседателот на Републиката од Република Македонија и пречекот на претседателот на Републиката при враќање од странство.

3. При официјално доаѓање во Република Македонија односно при испраќање од Република Македонија на претседател на држава, суверен или овластен претставник на меѓународната организација.

4. На превозните средства кои ги користи претседателот на Репуликата.

5. Во деновите на жалост што ги определува Владата на половина копје.

6. Во други случаи под услови и на начин утврден со закон.

Ако ги спредиме алинеа 1 од ова што го читав сега со членот 5 и алинеите, придружните алинеи дадени во предлогот сметам дека флагрантно се крши или се бара, се крши пред законот за употреба на знамето на Република Македонија, државното знаме и се става знак на еднаквост помеѓу државното знаме или знамето на Република Македонија со знамето на таа заедница. Не верувам, почитувани колеги и почитуван претседателе, дека некаде во светот постои ваков пример во кој се бара да се изедначи државното знаме со знамето на таа заедница. Не постои во свет пример каде се става знак на еднаквост, ниту согласно меѓународната практика, ниту согласно меѓународните принципи. Овој закон за знамето кој е донесен во 1997 година, сигурно, значи, во Владата кога претседател бил господинот Бранко Црвенковски, сигурно не го измислиле, туку е препишано од правната пракса, или меѓународната пракса која постои во светот и која се практикува во светот и која е нормален дел од меѓународните правила.

Сега, му доаѓа дека оваа Влада од тој закон си го зема тоа што и одговара, си го преформулира и знамето на Република Македонија се бара да биде истакнато во денови на празници на заедниците, во денови на општински и други празници утврдени со одлука на Советот на единицата на локалната самоуправа. При официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава. Мене искрено не ми е јасно знамето на Република Македонија кога е утврдено со закон кога се истакнува, тој официјален гест и официјалното доаѓање на некој суверен или претседател или претстаник овластен на меѓународната заедница доаѓа во државата Република Македонија. Не доаѓа во специјална посета на единица на локална самоуправа и со оглед на меѓународните правила и стандарди, вака како што е формулиран предлогот не држи апсолутно вода.

Уште еднаш потенцирам, не смееме да дозволиме да се стави знак на еднаквост меѓу државното знаме и знамето на заеденицата која е мнозинство во единица на локална самоуправа. Ние не можеме да ја изедначиме единица на локална самоуправа со држава, во конкретниот случај Република Македонија. Единицата на локалната самоуправа е административен дел и сега се бара повторно присилно, јас верувам со присила, со закана се прави притисок на Владата да се поднесе ваков закон и ваков член, катастрофално лош член, за да можеме ние на крајот да се сведеме на она што ние од почетокот на расправата го велиме дека барањата и усвојувањето на овој закон дефинитивно доведува до бинационална држава Република Македонија. Ова ќе се случи и со употребата на јазикот и покрај сите убедувања од страна на Владата и од министерот за правда дека нема шанси да се изедначат два службени јазици да имаме во Република Македонија. Ние допрва, ова е едно скалило погоре, за да побезболно помине и тој закон за употреба на јазиците.

Затоа, апелирам до колегите, доколку не успеале да направат споредба со овој член од Предлогот на законот за употреба на знамињата со членот 14 за законот за употреба на знамето на една суверена, самостојна и независна држава Република Македонија, да размислат за она за кое што зборував сега и да гласаат за амандманот кој е предложен од моја страна, а кој се однесува на членот 5 од Предлог законот за

употреба на знамиња на заедниците. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе,

На членот 5 неколку пратеници од нашата пратеничка група имаат повеќе амандмани, јас ќе се задржам само на содржината на овој амандман,кој што се однесува на тоа што бараме да се нагласи задолжителноста на употребата на знамето на Република Македонја на објектите од локален карактер и пред објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани во државата, во сите случаи кои што се наведени овде во законот. Во случај на денови на државни празници, во денови на празници, на општински и други празници, при пречек и испраќање на претседател на Републиката или други меѓународни претставници односно пред високи претставници на меѓународните организации. Значи, бараме овде задолжително да се стави дека треба да се поставува и знамето на Република Македонија. Тоа е со една единствена цел да се стесни просторот на различни толкувања во иднина дека еве во законот не е задолжително кажано дека треба да се употребува државното знаме и на тој начин да се одбегнува обврската за употреба на државното знаме на Република Македонија.

Сите сме сведоци дека и во моментот кога нема донесено закон за употреба на знамиња на етничките заедници, на дел од територијата на Република Македонија се веат етнички знамиња на албанската заедница, без апсолутно никаква употреба на државното знаме на Република Македонија. Да не ни се случи и после носењето на овој закон да си продолжи истата пракса, да имаме само знамињата на етничките заедници да се употребуваат, без задолжителна примена на знамето на нашата држава Република Македонија. Токму од тие причини го поднесовме овој амандман и очекувам да наидам на разбирање од страна на колегите на парламентарното мнозинство.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски имате збор, повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

И јас се јавувам во контекст на поддржувач на амандманите поднесени од колегите Марија Којзеклиска, Силвана Бонева и Илија Китановски сакам да кажам дека на некој начин и едниот и другиот се слични. Суштински е работата во членот 5 став 1, зборовите "покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа заедница". Сега тие зборови треба да се заменат со зборовите "постојано се истакнува знамето на Република Македонија..."

Сега некој можеби ќе каже па што е суштината на амандманот, поточно што би значело доколку би се прифатил и што би значело до колоку не би се прифатил. Еве што би значело:

Покрај знамето на Република Македонија, се истакнува знамето на таа заедница. Станува збор за единиците на локална самоуправа во кои граѓаните на етничката заедница се во мнозинство.

Денешната фактичка состојба, почитувани колеги, во објектите како што се наведени овде, државните органи, јавните служби, правните лица и тн. во единиците на локална самоуправа каде мнозинство се заедниците, е таква што таму воопшто нема истакнато, ниту пак до ден денес се истакнува знаме на државата поточно на Република Македонија, а често пати гледаме знаме на некоја друга држава истакнато кое некој го третира како свое национално знаме. Сега, ако е земена предвид фактичката состојба и ако го земеме предвид членот 5 став 1 кој вели - покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знаме на таа заедница, се поставува логичното прашање, покрај кое знаме кога таму воопшто знаме на Република Македонија не се вее. Јас би прашал, значи ли тоа, ниту едно ниту друго нема да се вее. Овој член така го резонирате. Или сега одеднаш зборовите - покрај знамето на Република Македонија, затоа што тоа знаме таму воопшто не се провеало, е необврзувачки дека тоа знаме и треба да се вее. Заради тоа, амандманот што и госпоѓата Којзеклиска но и Силвана Бонева и Илија Китановски го предлагаат е во смисла на тоа што е ставена законска обврска, знамето на Република Македонија постојано да се истакнвуа, што не е вистина. Значи зборовите - постојано се истакнува знамето на Република Македонија, а покрај него да се истакне и знамето на таа заедница. Сосема подруго значење од правен аспект. Значи ако некому дадете обврска, вејте си го вие своето знаме и ако вие претседателе се согласувате тоа да биде и ова знаме кое тие го викаат национално, барем да ставиме една обврска да мора задолжително да се истакнува и знамето на Република Македонија, за да не ни се случува да веруваме на празни зборови, да веруваме на ветувања и да веруваме на овде изнесени жалопојки од некого дека, еве ние сме со добра волја и ние ќе го истакнуваме знамето, но доколку ни се сака. Зборувам за знамето на Република Македонија. Заради тоа не гледам причина овој амандман да не биде прифатен. Можеби не од претставникот на Владата, меѓутоа од поголем дел од пратениците не гледам зошто не би го гласале овој амандман, затоа што ако навистина сакаме знамето на Република Македонија да се вее на целата територија на државата, мораме тоа јасно да го кажеме, мора тоа прецизно да го одредиме. Законите се пишуваат да бидат јасни, почитуван претседателе, и прецизни, за да нема дилеми, за да не може кој како сака да толкува, како што ни е Рамковниот договор, обично сите станавме толкувачи на нешто. Заради тоа ваков амандман кој прецизно кажува што се мисли, што треба да се направи, треба и да се прифати.

Ако пак колегите од албанската етничка заедница сакаат,значи сега, од денес па натаму, откако ќе се донесе овој закон да го истакнат конечно знамето на Република Македонија како државно знаме, тогаш не гледам причина зошто би гласале против овој амандман. Тогаш кога би гласале, кога јас ги видам да гласаат за овој амандман, ќе сфатам дека она што овде декларативно се искажува дека се тие за унитарна Македонија, дека се тие за рамноправност и заеднички живот овде со нас Македонците, еве нека го покажат тоа со гласање. Значи од сега нека дадат пример. Нив нема да им смета оваа одредба дека постојано ќе се вее знамето на Република Македонија на секој објект, јавен, приватен, државен и тн. во единиците на локалната самоуправа каде се тие мнозинство. Значи тука би ја видел волјата дека е така како што зборуваат. Во спротивно неподдржувајќи го овој амандман, таа волја ќе биде во обратен правец дека навистина не сакаат да го веат и џабе овде разговараме и кажуваме кој колку сака нешто, во суштина е сосема друго нешто, она за што и колешката зборуваше и кое често пати го зборуваме, кога не обвинуваат дека не сме го менувале речникот, во спротивно многу е јасно дека сосема друг е концептот и сосема друга е идејата и волјата особено кај претставниците на ДУИ.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Да ги потсетам колегите дека на 13.0.2001 година имаме Рамковен договор. На 16 ноември 2001 година амандмани.

Амандман 8 вели: "Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат, развиваат својот идентитет и особеностите на заедниците и да ги употребуваат симболите на својата заедница". Ова, симболите, значи амандманот 8 е како резултат на точка 7 од фамозниот Рамковен договор, изразување на идентитетот, многу е важно во контекст на амандманот. Кој заборавил да го потсетам.

Во однос на симболите се вели "Непосредно до симболот на Република Македонија, локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна на локалните јавни објекти да поставaт симболи со кои се одбележува идентитетот на заедницата која е мнозинство во општината, со почитување на меѓународните правила и примени". Ова никој не го чита ниту применува, посебно Владата.

Наспроти ова, или сосема во крајност, во предлогот на членот се вели "и пред и во објектите основани од државата и пред и во објектите основани од единиците на локалната самоуправа". Значи тотално широко толкување на Рамковниот договор, секако како им одговара на Албанците. Затоа да не се повикуваат веќе на Рамковниот договор биејќи прво тие со своите законски прописи не го очитуваат, а бараат постојано другите претставници колеги пратеници да се повикуваат на тој Рамковен договор.

Кој му ја даде слободата на претствникот на Владата или на Владата да поднесе ваков Предлог на закон и ваков член во кој сосема слободно си го интерпретираат Рамковниот договор.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Китановски имате збор.

**Илија Китановски:** Благодарам.

Содржината на овој амандман и дискусиите што ги имавме, така ат хок лесното одбивање од страна на Владата покажува, најблаго кажано еден несериозен однос кон амандманите на текстот на овој закон, посебно што се работи за амандман кој го подобрува текстот и кој е пооблигаторен во однос на предложениот текст на член 1. Пооблигаторен од едноставна причина што досегашната пракса покажа дека едноставно како граѓани на Република Македонија немаме доволно доверба во сите овие институции кои треба да го спроведат законот и истакнувањето на државното македонско знаме, за да остане таа формулација, постојната што е во Предлог-законот, а таа вели "Покрај знамето на Република Македонија да се истакнува и знамето на таа заедница".

Нашиот амандман, како што и претходно беше кажано, само ја зголемува облигаторноста на овој член односно на текстот и гласи: "Се истакнува знамето на таа заедница со задолжително истакнување на знамето на Република Македонија". Значи буквално се работи за подобрување на текстот, за зголемување на обврзувачкиот карактер на овој член со тоа и на целиот закон и ако колегите од парламентарното мнозинство имаат директива генерално да не ги поддржат амандманите кои се суштински и кои беа отфрлени претходно, а се однесуваат на неупотреба на државно знаме на друга држава на територијата на Република Македонија, мислам дека за овој амандман, апсолутно, ако Владата како предлагач нема слух, тие како пратеници би требало да имаат затоа што навистина се работи за предлог, за амандман кој ќе го подобри текстот и ќе го зголеми обврзувачкиот карактер на овој член на кој и така тоа му е суштината и намената. Значи да ги обврзе институциите кои ќе ги истакнуваат знамињата, задолжително, покрај државното македонско знаме да биде истакнато и знамето на заедницата односно при истакнување на знамето на заедниците, задолжително да биде истакнато и знамето на Република Македонија, за да може после одредбите на законот каде функционира непочитување на вој член, да биде многу полесно санкционирањето и да немаме и во тој дел толкување, дали и колку е прекршен овој член.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Витановски, имате збор.

**Јанаќе Витановски:** До колку вчера беше усвоен мојот амандман, мислам дека сега немаше овде да се води полемика. Јас мислам амандманот што вчера беше поднесен ја имаше истата цел како што ја има и овој амандман кој е поднесен од колешката Марија Којзеклиска, а и овие два амандмана од моите колеги.

Јас сметам дека овде само се подобрува текстот на закноот и мислам дека во единиците на локалната самоуправа во која живеат мнозинство на таа единица на локална самоуправа, не е ништо страшно, зборовите "покрај знамето на Република Македонија", да се замени со зборовите како што има амандман поднесено "постојано се истакнува знамето на Република Македонија". Мислам дека тоа е во ред и од страна на колегите пратенци треба овој амандман да биде прифатен, со цел да се истакне суверенитетот на Република Македонија, бидејќи преку државното знаме на Републиката се истакнува суверенитетот на Република Македонија. Мислам дека нема ништо страшно во тоа, туку има само една задолжителна обврска, а тоа е постојано да се истакнува знамето на Република Македонија. Вака е оставено како што е кажано покрај знамето, дали ќе се истакнува или не, ќе зависи од добрата волја на носителите на локалната самоуправа.

Јас ќе го поддржам овој амандман бидејќи е во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Ги повикувам пратениците да влезат за да пристапиме кон гласање.

Прво, амандманот на членот 5, попднесен од пратеникот Марија Којзеклиска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 13 гласале за, нема воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 5, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 10 гласале за амандманот, 2 воздржани, 47 против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китаноски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине претседателе.

Овој амандман е од суштествено значење за законот за употреба на знамињата на етничките заедници и како што членот 2 став 2 предизвика огромно внимание во јавноста, убедена сум дека и ова решение кое е дадено во членот 5 исто така пробуди огромен интерес кај граѓаните на Република Македонија, а посебно во делот, бидејќи до денес не добивме одговор, зошто Рамковниот договор се проширува, зошто Рамковниот договор се толкува така како што некои сакаат, а не така како што е преземена обврската со неговото потпишување, не само од претставниците на политичките партии кои во моментот беа потписници на Рамковнот договор, туку и од страна на меѓународните претставници и кој им дал за право да го прошируваат Рамковниот договор, бидејќи секое проширување, или секое ревидирање на истиот, може да ја доведе Република Македонија во многу незавидна состојба, а посебно пак и самиот Рамковен договор, едноставно да се изгуби авторитетот на Рамковниот договор, бидејќи секој може да го толкува така како што сака, а не како што е напишан.

Во точка 7.1. од Рамковниот договор, јасно е назначено каква ќе биде употребата и каде ќе се употребуваат знамињата на политичките заедници. Јас ќе ја цитирамтока 7.1. од Рамковниот договор која во однос на симболите кажа: "непосредно до симболот на Република Македонија, локалните власти ќе ја имаат слободата, на предната страна од локалните објекти да постават симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата која е во мнозинство во општината, со почитување на меѓународните правила и примени".

Што ни кажува точка 7.1.? Ни кажува дека знамињата на етничките заедници може да се употребуваат но само пред објектите од локален карактер. Овде во членот 5 имаме типично проширување на Рамковниот договор и ставање обврска со членот 5 дека знамињата на етничките заедници ќе се веат и пред и во објектите на државните органи, јавните служби и правните лица од државата. За нас како пратеничка група апсолутно е неприфатливо проширување на Рамковниот договор, додавање на одредби на Рамковниот договор кои не се потпишани во Охрид. Ваквото проширување на Рамковниот договор со употреба на знамињата на етничките заедници пред и во објектите на државните органи, државните служби и правните лица основани од државата, ќе треба јасно и гласно, не да се молчи туку да се каже што била интенцијата на парламентарното мнозинство односно на Владата со политичките партии кои ја претставуваат и зошто пристапиле кон проширување на Рамковниот договор. Која била

интенцијата, да знаеме сите, да знае целата македонска јавност, зошто се навлегува во ревидирање на Охридскиот рамковен договор. Апсолутно е неприфатливо за нас како пратеничка група и како политичка партија која го потпишува Рамковниот договор, да се преиначуваат одредбите на Рамковниот договор, да се прошируваат и да се толкуваат така како што не треба, така како што не е напишано и како што не е потпишано. Токму заради тоа сметаме дека треба да се бришат зборовите кои кажуваат дека објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата дека пред нив ќе се веат знамињата на етничките заедници.

Според нас, бидејќи веќе помина членот 2 став 2 и можат туѓи државни знамиња да се вејат на територијата на државата Република Македонија , токму овој член, членот 5 и веењето на туѓи државни знамиња пред државни објекти кои што го изразуваат суверенитетот на државата Република Македонија, токму тоа зборува за делењето на суверенитетот и за напуштањето на унитарниот карактер на нашата држава Република Македонија, кој што повторно ќе кажам е обврска да се сочува дури и со Рамковниот договор, не само со членот 1 став 2 од Уставот на Република Македонија, кој што зборува за неделивоста на суверенитетот, туку и обврска е од точка 1.2 од Рамковниот договор, каде што јасно се зборува дека суверенитетот и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат. Како, почитувани колеги, вие го сочувувате суверенитетот на државата Република Македонија, кога го проширувате Рамковниот договор и сега откако го донесовте односно го отфрливте амандманот, туѓи државни знамиња да се веат пред локалните објекти, сега туѓи државни знамиња ќе се вејат и пред локалните објекти, меѓутоа, и пред државните објекти. Тоа значи дека пред полициските станици, пред објектите на касарните, значи воените објекти на Република Македонија кои се на локално ниво, па која порака ќе ја испраќаме ние до светот? Која порака ќе ја испраќаме? Во оваа зграда се полициските сили на Република Македонија и Република Албанија, во оваа зграда се армиските сили на Република Македонија и Република Албанија и не знам зошто ви треба тоа. И зошто пристапивте кон проширување на Рамковниот договор и ставање на одредби во законот кои што никој не ги потпишал, за кои никој не презел никаква обврска. Значи тенденцијата е многу страшна, бидејќи веќе туѓи државни знамиња ќе се вејат пред државни објекти на Република Македонија. Тоа е буквално делење на суверенитетот на државата Република Македонија и напуштање на унитарниот карактер на нашата држава.

Затоа, почитувани пратеници, ќе ве молам, посебно пратениците од парламентарното мнозинство, да допрат до вас овие аргументи. Да знаете дека ако го притиснете копчето со кое што ќе кажете за, дека ја зачувувате унитарноста на Република Македонија. Доколку притиснете против по инерција како што правите до сега, верувајте вие ќе бидете тие кои ќе бидете ставени пред судот на историјата дека пред државните објекти на Република Македонија дозволувате да се вејат туѓи државни знамиња. Затоа уште еднаш ве молам да размислите пред да го притиснете копчето за гласање и да го сочувате она што е обврска на сите нас според Уставот, унитарниот карактер и сувереноста на државата Република Македонија.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Китановски, имате збор.

**Илија Китановски:** Благодарам.

Почитувани колеги, интенцијата продолжува уште со донесувањето на Законот за територијална организација на ваков или таков начин, со административни граници сепак се одбележува или се исцрта една територија, една територијална мапа. Со прифаќањето односно неприфаќањето на амандманот на член 2 на овој закон на таа територија, дел од суверената територија на Република Македонија се дозволи употреба и веење на државно знаме на друга соседна држава, а со неприфаќањето на овој амандман дефинитивно и на објектите на државните органи, како што кажа и колешката Бонева, вклучително и полициските станици и објектите на армијата и се друго што претставува државни органи на Република Македонија, ќе се дозволи веење на државни знамиња на други држави, што апсолутно отстапува од Рамковниот договор. Ако веше не се прифатија амандманите на членот 2, овој амандман и сите натамошни амандмани во суштина се помалку битни или помалку важни, меѓутоа, сепак претставуваат некоја корекција на овој лош закон и лош текст на законот, лош по интегритетот и суверенитетот на Република Македонија и сметам дека навистина треба да се има и лична доблест и пратеничка доблест да се подржи овој амандман, затоа што прво навистина е надвор од Охридскиот рамковен договор и второ, дефинитивно ќе значи дека на државните органи различен третман на објектите на државните институции на државните органи во различни делови на Република Македонија. Ако тоа не е поделба на суверенитетот, тогаш навистина не знам што е.

Уште еднаш апелирам до колегите од СДСМ и ЛДП да го подржат овој амандман затоа што барем на државните објекти нема да дозволиме веење на знамиња на други држави. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Реплика за господинот Кире Гештаковски, повелете три минути.

**Кире Гештаковски:** Ме изритира дел од говорот на господинот Китановски кога рече дека со Законот за територијална организација се исцртале картите на една друга територија. Сакам само да напоменам дека со првиот ден од доаѓање на власт на неговата партија 1998 година, тогаш се симна знамето на Република

Македонија на одредена територија во Република Македонија. За потсетување: до 1998 година знамето на Република Македонија, дали силом или милом, се вееше на цела територија на Република Македонија. Сега оваа Влада сака да го поправи тоа што некој од 1998 година си дозволил на една третина од територијата на Република Македонија да не постои државното знаме, да го врати и да биде на она место каде што припаѓа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски, вашата минута.

**Илија Китановски:** колку што јас се сеќавам, а мислам дека добро ме држи меморијата за тоа, симнувањето, односно неистакнувањето на македонското државно знаме почна 1997 година, со познатите настани во Гостивар и Тетово. Ако некој ги заборавил, нема потреба да се потсетуваме на тие настани, така што мислам дека со тоа одговорив на репликата на колегата.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам.

Интенцијата на овој член 5 во целина и амандаманот кој што го предлагаат колегите Бонева и Китановски е да се изнајде начин, да се изнајде модус како албанското знаме, односно знаме на една туѓа држава да се вее постојано пред државните органи и се овде што е наброено, во единиците на локалната самоуправа. Значи тоа е интенцијата и сега Владата тргнува од еден начин, со тоа што набројува неколку алинеи и читајќи ги како алинеи ќе помислиме на прв поглед дека албанското знаме нема да се вее постојано туку само во пет случаи наброени во овие пет алинеи. Меѓутоа, ако подобро ги прочитете овие алинеи ќе видите дека фактички преку набројување е дадена можност албанското знаме да се вее постојано во сите можни случаи на кои можеме да помислиме.

Инаку, конкретно амандманот се однесува на петтата односно последната алинеа и добро колегите запазиле дека терминот "овластен претставник на меѓународната заедница" е многу погрешно избран термин, не дека Владата не знае што значи тоа, туку дека баш знае што значи тоа и во самото образложение е добро напишано. Прашање колку колегите читаат образложенија и заради јавноста, а и со оглед дека колегита не го спомнаа она што писмено го напишаа, јас би сакал на некој начин да го прераскажам. Значи овластен претставник на меѓународната заедница е проблематичен поим од два аспекти, како што наведуваат предлагачите. За алинеа 5 зборуваме, така? Или за членот 5, зборовите "објектите на државните органи"? (уфрлување: "За ставот 1".)

**Љупчо Јордановски:** Тоа е на членот 5. Тоа амандманот за бришење на зборовите: "на објекти на државните органи и јавните служби и правните лица".

**Жарко Караџоски:** Значи, за членот 5 зборовите "објекти на државните органи", за тоа зборуваме? Добро.

Во суштина е слично, да не речам исто.

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте во рамките на амандманот.

**Жарко Караџоски:** Да, во рамките на амандманот, колега, почитуван претседателе.

Сега со можноста пред објектите на државните органи и јавните служби и правните лица основани од државата, се нуди со овој закон да може да се вее и албанското знаме, значи во контекст на она што го искажаа и колегите јас би го повторил само со неколку реченици, а кога ќе дојде другиот амандман за кој што почнав да зборувам ќе го образложам и тоа. Ова е спротивно не само на Рамковниот договор туку и на Уставот, затоа што објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата се објекти на државата каде што се знае чиј е суверенитетот. Државата не може да има повеќе суверенитет, ниту може да има повеќе белези на својот суверенитет. Со самата можност на давањето на вакви можности да се вее и албанското знаме на овие објекти, зборувам албанско затоа што тоа најчесто ќе биде, се отвора онаа проблематика почитувани колеги за која и колегите зборуваат и сега јас ќе потенцирам, дека тоа апсолутно ќе значи делење на суверенитетот од почеток кога ќе ги видите знамињата истакнати на овие објекти. И токму тука е интенцијата на предлагачот, а и на овие кои го поддржуваат ваквиот закон, да не може да се биде уочливо чиј е суверенитетот на оваа држава, кога буквално на сите вакви објекти ќе имате во најмала рака по две знамиња на странски држави, а камо ли да се види кое е нашето знаме.

Од тие причини, јас ќе го поддржам овој амандман и сметам дека и колегите не би требало да размислуваат, во смисла на подршка. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Жерновски, имате реплика, повелете три минути.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе, што би рекле вие, и јас ги слушам нашите колеги од опозицијата и не можам да се изначудам кога и колегата Караџоски и оној пред него зборуваат за една загриженост за територијалниот суверенитет.Вели господинот Караџоски да се вејат албански знамиња на овие објекти на тие и тие подрачка во Република Македонија итн.

Господине Караџоски, дали вие слушате што изјави вашиот коалиционен партнер, господинот Џафери за тоа што господинот Љубчо Георгиевски предложил во вашето време. Вие сте загрижени дали на таа територија ќе се вее и македонското знаме. Вие предложивте поделба на Република Македонија ,Значи таму само албанското знаме ќе се вееше, не македонското. Ве слушам со денови зборувате за

територијалниот суверенитет на Република Македонија . Знаете која беше репликата или демантот на господинот Георгиевски? Рече, не, не е точно. А зошто не е точно? Затоа што Џафери не се согласил да ја подели Македонија. Сега зборувате со недели, со месеци, со години дека сте загрижени за територијални суверенитет особено во западниот дел на Македонија кој вие предложивте да се дели. Фактички вашиот претходник исто зборуваше дека се цртала границата. Па вие ја поделивте Македонија и тоа го предложивте, но не успеа затоа што некој друг не го прифати. Значи таму воопшто немаше да има македонско знаме, ниту македонски граѓанин. Ќе имаше албанско знаме, ќе имаше албански граѓани или територија на Република Албанија. Сега вие заборавивте што правевте во ваше време, или сакате да заборавите? Не ве разбирам, навистина.

**Љупчо Јордановски:** Ова е реплика, господине Караџоски имате окнтра реплика една минута. За суверенитетот и за територијалната граница, исцртување на граници.

**Жарко Караџоски:** Господине Жерновски, секогаш кога има вакви теми вие сте многу активен и многу добар адвокат на ДУИ. Инаку за сите други теми спиете и буквално ве нема овде во Собранието, но кога се вакви теми сте редовен адвокат и тоа е добро, но за ДУИ.

Ние почитуван колега памтиме што правите вие. И ќе ви памтиме, немојте да мислите дека ќе заборавиме, не само ние туку и граќаните на Република Македонија. Особено вашите зборови ќе се памтат. Коалиционен партнер на ВМРО-Народна партија не е Арбен Џафери ниту ДПА, а колку да не заборавите, ваш коалиционен партнер, лично твој е господинот Али Ахмети, заедно со терорис терористичката она, заедно со ДУИ итн, да не зборувам за сите оние команданти со кои сега седите заедно во фотеља. И немојте сега нам да ни упатувате дека ние сме ја делеле Македонија или сме сакале да ја поделиме. Па вие веќе ја поделивте.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стојановски, вие имате збор.

**Блаже Стојановски:** Сметам дека овој амандман, покрај првиот амандман што се однесуваше на неупотребата на знаме на туѓа држава како израз на на ционалниот идентитет на етничките заедници во Република Македонија, претставува суштински амандман кој што директно го решава прашањето на нарушувањето на уставниот принцип за неделивост , неотуѓивост и непреносливост на суверенитетот на Република Македонија. Тоа се гледа и ретроспективно, ако се погледне Законот кој што беше донесен а укинат од Уставниот суд 1997 година, каде што и покрај можноста за употреба на знаме на националностите како израз на националниот идентитет, беше ставена децидна забрана каде се неможе да се употребува тоа знаме. Тоа беше направено на тој начин што беа истакнати објектите на законодавната, извршната и судската власт или поконкретно, Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, органите на управата, судовите, Јавното обвинителство, Уставниот суд и Народната банка. Покрај нив наведени места каде што не смееше да се истакнува знамето како израз на националниот идентитет на тогашните националности беа и подрачните единици на органите на управата, како и јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија кои што ги основа Републиката. Ова не значи ништо друго туку дека во тој период истата оваа власт, затоа што ова се случува во тоа време во 1997 година, сакала да покаже дека не е подготвена да прифати делење на државниот суверенитет, односно ставање на националностите во тој период или сега етничките заедници во функција на носители на национален суверенитет, а не само преку знамето остварување на целта која што ја имаат, а тоа е изразување на нивниот национален идентитет. Прашање е зошто во овој закон сеуште повторно не е прифатен овој пристап.

Од друга страна, самиот назив на овој закон за употреба на знамињата на националностите доволно зборува дека и оној кој што го предлага овој закон, а тоа е Владата на Република Македонија, сакала да направи дистинкција меѓу официјалната употреба на знамето како израз на државниот суверенитет преку органите на централната власт и употребата на знамето, како што гласи називот на овој закон за изразување на националниот идентитет на етничките заедници. Меѓутоа, факт е дека називот и содржината на овој закон апсолутно не се совпаѓаат еден со друг, затоа што употребата на знамето на националностите е предвидено да се врши и во објектите и пред објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата, значи од централната власт. Бидејќи е тоа така, дефинитивно тоа значи дека со овој закон содржината е утврдена на начин кој што треба да претставува покажување дека националностител тогаш, а денес етничките заедници се носители на суверенитет на територијата односно на целата таа територија на која се истакнуваат овие знамиња, затоа што истакнувањето пред државните органи, пред објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од страна на државата апсолутно не може да претставува употреба на знамето како израз на националниот идентитет.

Една интересна ситуација која би можела да се случи, а која што е предвидена со овој член, затоа што треба малку и практично да видиме што ова треба да значи. На пример, општина Струга е сместена во определени објекти. Пред тие објекти ќе се вее знамето на Република Македонија, за која што претставниците на албанската етичка заедница велат дека не го сметаат за знаме на сите граѓани на Република

Македонија, туку дека тоа го поистоветуваат како израз на суверенитетот на македонскиот народ.

Ако е тоа така а имавме такви повеќе случаи досега кога беа искажани предлози за тоа и македонскиот народ  ако не сака да се поистоветува со државното знаме, да има свое знаме или да си определни свое знаме, тоа исклучиво води кон дерогирање на уставните постулати за Македонија како држава граѓанска во која што носители на суверенитетот се граѓаните на Република Македонија, а од друга страна значи и тоа дека пред општина Струга државното знаме кое што се вее, кое што треба со овој закон да се вее, покрај него ќе се вее и знамето на општина Струга, кое што ќе биде определено од страна на мнозинството граѓани на општина Струга кои што се припадници на етничката заедница која што е мнозинство таму, а тоа е албанската етничка заедница и потоа имаме употреба и на албанското знаме, како израз на националниот суверенитет овој пат, затоа што овој суверенитет се однесува на државни органи. Друго е ако знамето како израз на Националниот идентитет се употребува во приватни случаи и во случаи кога се одржуваат определени манифестации кои што ќе значат навистина, изразување на културниот идентитет на традициите на етничката заедница.

Понатаму, кога доаѓа претседател на странска држава, во случајот од Албанија, и тој ја посетува Струга, што тоа би значело во пракса. Дали тоа би значело дека пред државниот орган, односно пред органот на општина Струга треба да стои согласно меѓународните правила, знамето на Република Македонија како знаме на земјата домаќин потоа знамето на Република Албанија. Како знаме на пртседателот на нивната Влада кој што доаѓа во посета, потоа имате знаме на општина Струга, кое што е определено од страна на Албанците и уште едно знаме, кое што е исто согласно неприфатениот амандман, тоа е знамето кое што го има и државата Република Албанија.

Значи, секој човек кој што би присуствувал во тој момент во општина Струга единствено што би можел да помисли е тоа дека не се наоѓа во Република Македонија, туку се наоѓа во Република Албанија, затоа што имаме три знамиња, кои што претставуваат израз на суверенитетот на Албанците и само едно знаме кое што треба да биде израз на суверенитетот на сите граѓани на Република Македонија, без притоа да има било каква дистинкција овој момент од самата смисла на државната посета на премиер на Република Албанија.

Значи се прават комплицувани ситуации во кои што дефинитивно се става државното знаме само во функција на номинално покажување на некаков суверенитет, меѓутоа, тоа знаме во никој случај на ваков начин како што е тоа предвидено, не може да го изразува суверенитетот на Република Македонија, затоа што тоа може да биде само во случај кога тоа знаме би стоело заедо со знамето на оној претставник на странската држава кој што е дојден во посета.

Да не должам, сметам дека овој амандман треба да се прифати, сметам дека државниот суверенитет и националниот идентитет се две сосема различни работи и дека помеѓу нив не може да се постави знак на равенство и дека целта на овој закон не е да се изрази преку знамето суверенитетот на етничките заедници, туку напротив треба тие да можат да го изразат само националниот идентитет и своите традиции. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓа Бонева имате додатни аргументи.

**Силвана Бонева:** Да почитуван претседателе, би сакала уште еднаш да го повикам господинот заменик министер, белки заслучуваме како пратеници после толку денови расправа, аргументирана расправа да добиеме одговор на прашањата кои за нас се од суштествено значење.

Пред малку, прашав од името на целата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ зошто се пристапува кон проширување на Рамковниот договор. Зошто е внесена ваква одредба во Законот за употреба на знамиња на етничките заедници, кој е надвор од договореното и потпишаното со Рамковниот договор. Не добивме одговор. Се надевам дека господинот заменик министер ќе каже што е тоа што ја натерало Владата да одлучи така како што одлучила и да направи вакво проширување на Рамковниот договор и вметнување во законот дека и пред државните институции и органи ќе се веат знамињата на етничките заедници.

Уште еднаш сакам да потсетам дека државните институции зборуваат за суверенитетот на државата Република Македонија. Носители на суверенитетот се сите граѓани на Република Македонија, вклучувајќи ги и граѓаните од албанската етничка заедница. Кога пред државен орган или пред државна инситуција на локално ниво се вее знамето на Република Македонија, тоа е израз на суверености на државата на сите граѓани, вклучувајќи ја и албанскаста етничка заедница. Зошто е потребно дуплирање, потенцирање на значењето на албанската етничка заедница, пред државните институции, иако со знамето на државата Република Македонија се опфатени сите. Знамето на државата ја кажува сувереноста на сите граѓани на Република Македонија. Повторно ќе кажам вклучувајќи ја и албанската етничка заедница. Зошто е потребно вакво двојно потенцирање на значењето на албанската етничка заедница и на турската етничка заедница во општините во кои што тие се мнозински етнички заедници. Значи, апсурд е употребата на знамиња на етнички заедници на државни институции, бидејќи државните институции го сублимираат и суверенитетот на граѓаните од сите етнички заедници, не само на мнозинскиот народ во оваа држава Република Македонија. Уште поголем е

апсурдот, кога на државните институции, еве веќе се даде можност да се веат и знамиња на туѓи држави. Ова, срамное да биде премолчено и навистина, потребно е и заменикот министер меѓутоа, и министерот и премиерот да дадат отчет пред целиот парламент, бидејќи постојано се зборува да го заокружиме Рамковниот договор, врзани сме со рокови, поминаа сите тајминзи, мора да го донесеме овој закон, бидејќи е нужно негово донесување. На што донесуваме? Дали носиме закон кој што навистина произлегува од Рамковниот договор, или нешто сосема десетто. И да се каже зошто е нешто сосема друго.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Господине Китановски, имате збор. Повелете.

**Илија Китановски:** Благодарам претседателе, јас се јавив практично за реплика, но зборот ќе го искористам за да реплицирам на колегата Жерновски.

**Љупчо Јордановски:** Немојте да реплицирате сега зборувајте по амандманот.

**Илија Китановски:** Ќе зборувам по амандманот бидејќи тој реплицираше по амандманот. Значи она што во врска со амандманот го искажа господинот Жерновски.

**Љупчо Јордановски:** Господинот Жерновски ништо не искажа по амандманот. Тој му реплицираше на господинот Караџоски.

**Илија Китановски:** И мене претседателе ми реплицираше, само што не ме спомна по име.

**Љупчо Јордановски:** Затоа вие зборувајте по амандманот, ве молам.

**Илија Китановски:** Јас претседателе се пријавив за реплика, ама не ми дадовте збор.

**Љупчо Јордановски:** Немате право на контрареплика, тоа е проблемот.

**Илија Китановски:** Добро благодарам.

Тогаш ќе зборувам за амандманот. Значи уште еднаш со овој амандман, ако не се прифати овој амандман, практично се дозволува на објектите на државните органи да се веат знамиња на други држави, што автоматски значи имплицира на поделен суверенитет и на тие органи и на таа територија каде што се наоѓаат тие. Бидејќи се државни органи, кажав и претходно, се воведува една пракса државните органи во Република Македонија, не зависно од тоа каде се лоцирани во кои делови од територијата на Република Македонија, различно се третирани, односно на едни институции ќе се веат две знамиња, едно знаме на туѓа држава, и едно на македонската државност, во некој друг град во централна и југоисточна Македонија, ќе се вее само македонското знаме. Мислам дека апсолутно, од тој аспект е сосема издржан амандманот и треба да се прифати, а ако не се прифати, ќе повторам уште еднаш, заедно со Законот за територијална поделба, заедно со неприфаќање на амандманот на став 2, дефакто води кон поделба на суверенитетот на Република Македонија, затоа што веќе еднаш исцртана територија, која што пратениците од ова парламентарно мнозинство, со својот глас "за" за овој закон ја исцртаа таа карта, без разлика на тоа кој што зборувал, кој што предлагал и кој што пишувал. Битно е дека со донесувањето на вакви закони и неприфаќање на амандманите на опозицијата, практично се реализираат идеите за некаква федерализација на Република Македонија и за поделба на нејзиниот суверенитет. Инаку, јас сум пратеник од Кичево, роден сум во Кичево, моите деца се родени во Кичево, моите претци се родени во Кичево и се надевам и моите идни поколенија ќе живеат во Кичево, така да најмалку луѓе, кои што само на поминување одат за Охрид, имаат допир со тие состојби, со тие луѓе и со тој народ таму можат да држат предавања, или да даваат лекции од типот на етнички соживот. Од типот на делби на државата и така натаму. Јас само го искажувам ставот на граѓаните на Македонците кои што живеат во овој регион и кои што ова што претходно го кажав е нивно мислење, нивен став и нивно чувство.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски еден мала коментар.

Сватете го тоа како реплика. Точно е дека овој Парламент го изгласа законот за територијална организација, но на референдум граѓаните го потврдија. Дали сметате дека граѓаните не беа во право и згрешија. Затоа ве молам имаше референдум за тоа дали тој закон е добар или не е добар, а тоа граѓаните го кажаа. Сувереноста е највисока вистинитост кај граѓаните.

Повелете господине Иванов.

**Љубисав Иванов - Ѕинго**: Другар претседателе,

**Љупчо Јордановски:** Што рековте? Другар претседател?

**Љубисав Иванов - Ѕинго**: Да.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Иванов.

**Љубисав Иванов - Ѕинго**: Дозволувате нели?

**Љупчо Јордановски:** Како другар ве сметам за многу близок. Во таа смисла е терминологијата другар. Не со идеолошки предзнак, туку како пријател, другар.

**Љубисав Иванов - Ѕинго**: Да. Гледам,не може да помине ниеден амандман, не само на опозицијата, туку веројатно, и на позицијата и тоа го ценам како многу опасно, за нашиот општествено-политички живот. Ние треба по одредени прашања да имаме и да постигнеме некој сеопштествен консензус. Во демократско-развиените земји, позицијата по вакви клучни прашања настојува да ја вклучува и опозицијата, не само од аспект да ја смали одговорноста за себе, затоа што позицијата има легитимитет да донесува закони, туку и од аспект дека за ваквите закони кои што ќе се донесат имаат и применлива вредност. Јас во тој поглед би ве

замолил вас како претседател на Собранието да ги повикате координаторите на пратеничките групи и да се обидете барем, и заради вашата совест и заради волјата на луѓето, по вакви некои битни прашања, нешто да се постигне во овој Парламент. Инаку, надгласувањето, навредувањето, опструкциите не не водат никаде. Ние многу закони донесовме, па не се почитуваат во оваа држава. Не се почитуваат, затоа што, токму во тој поглед не се доближуваат ставовите меѓу партиите, меѓу позицијата и опозицијата и тогаш доаѓаме во ситуација да ни ни функционира правната држава.

Јас молам ова правилно да го сватите, не одат работите добро. Не се развиваат по мое длабоко убедување процесите. Долго време сум во парламентите.

**Љупчо Јордановски:** Другар Иванов ве молам, ве молам, по амандманот.

**Љубисав Иванов - Ѕинго**: Толку, затоа што и да зборувам по амандманот, се е џабе и да зборувам по законот се е џабе.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да го гласаме, или не изгласаме амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници)

Во саслата се присутји 63 пратеника.

Амандмнанот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 9 за амандманот, 1 воздржан, 50 против.

Како што реков во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на членот 5 за бришење на алилнеја 2 поднесен од пратеникот Благородна Мингова Крепиева, и амандманот на член 5 за бришење на алинеја 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев, кои се точки 19 и 20 по списокот на амандманите, по кои се води претрес со иста содржина.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на алинеја 2, поднесен од пратеникот Благородна Мингова Крепиева и од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманите не се прифатени.

**Љупчо Јордановски:** Амандмание не се прифатени.

Збор има госпоѓа Мингова.

Повелете.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Благодарам претседателе, повторно немам објаснување за одбивање на амандманот од претставникот на Владата.

Сакам само уште еднаш да кажам дека амандманот се однесува на членот 5 од Предлог законот за употреба, а не за изгледот на знамињата на заедниците во Република Македонија.

Од тие причини сметав дека одредени амандмани кои ги предложив во текот на расправата се однесуваат во смисла на допрецизирање токму на употребата на знамињата на заедниците.

Повод за амандманот да се избрише алинеја 2 поточно "покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа заедница во денови на празниците на заедницата", Законот за употреба на грбот, знамето, химната на Република Македонија односно членот 14 точка 1 во кој знамето на Република Македонија се истакнува во денови на празници на Република Македонија утврдени со закон, па понатаму вели на кои објекти од државната власт и единиците на локалната самоуправа.

Сметам дека недореченоста и додавање, бидејќи во првата алинеја говориме во денови на државните и други празници на Република Македонија утврдени со закон, а јас граѓаните на Република Македонија не ги делам според етничката припадност и сметам дека во други празници и во државните празници влегуваат и празниците на заедниците, така што мислам дека е излишно непрецизноста и може да остави простор за погрешна употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија.

Од тие причини барам моите колеги пратеници да го поддржат овој амандман и да гласаат за бришење на оваа алинеја. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе, се мислам дали воопшто има смисла нашето зборување, бидејќи сеуште не не удостои претставникот на Владата однсоно на односното Минситерство на сите прашања и дилеми кои беа поставени од наша страна, да кажеше барем една реченица, па не знам дали да зборувам за овој амандман, бидејќи повторно треба од страна на Владата да се каже што мислела со ова решение кое ни го дава во овој закон каде ни вели дека знамињата на етничките заедници ќе се употребуваат, ќе се истакнуваат и во денови на празници на заедниците. Во кои денови? Кој ги утврдува тие празници на заедниците? Дали Владата мисли да ни достави предлог на

заедниците. Мислам дека воопшто ништо не е смешно господине заменик министре, што имате јасно и гласно да ни кажете овде што значи тоа во денови на празници на заедниците. Ако Владата има намера да ни достави Предлог на закон за празници на заедниците за кои ќе расправаме сите овде, да знаеме дека има намера, а ако не, во тој случај не смее да се остави простор за вакво широко толкување. Со тоа ќе создаде можност слободно кој како сака да си утврдува празници на заедниците во државата Република Македонија по методологија и практика која не е утврдена со закон и не е предвидена со закон и спротивна на внатрешниот поредок на државата Република Македонија.

Бидејќи празниците се утврдуваат по специфични критериуми, не може во законскиот текст да се предвиди одредба која дава можност за слободна диспозиција за одлучување за прославување на празниците и заради тоа сметам дека членот 5 став 1, алинеја 2, не треба да постои во законот за употреба на знамиња на етничките заедници. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Во членот 5 кој е предмет на измена или на барање за измена со овој амандман е наведено дека во единиците на локалната самоуправа во која живеат граѓани и претставници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа, пред и во објектите на државните органи, ќе повторам на државните органи, на јавните служби и правните лица основани од државата и понатаму јавните служби и правните лица основани од единицата на локалната самоуправа, на улиците, на плоштадите и други инфраструктурни објекти, покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа заедница.

(Во 12,57 часот со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието)

Ова решение дека во денови на празници на заедниците мора да се истакнува знамето на Република Македонија. Јас не знам кој ја смисли оваа алинеја, затоа што, ако празниците на заедниците ги третирате како државен празник, ако со овој закон давате обврска, покрај државните празници кои се утврдени со закон и празниците на заедниците претставуваат државни празници како истакнувањето на државното знаме и на улиците и на плоштадите и на сите инфраструктурни објекти, пред објектите на државните органи, во објектите на државните органи, навистина не можам да разберам како може на еден ваков начин да се девалвира целиот систем на употреба на симболи на Република Македонија кои значат израз на државноста на оваа држава и почитување на празниците кои претставуваат израз на историските традиции и борби кои довеле до создавање на оваа држава.

Празниците на заедниците на овој начин како што е предложено со овој закон, се доведуваат на ниво на државни празници. Кои се тие празници кои треба да бидат државни празници, како што е овде наведено? Кои се тие празници на кои ќе се вее македонското државно знаме на сите улици, на сите инфраструктурни објекти, пред објектите на државните органи, пред објектите на јавните служби, пред објектите на правните лица основани од државата и т.н. Кои се тие празници, би го рпашал претставникот на Владата, да видиме, да знаеме што Владата сакала да направи на овој начин. Ако веќе сакала на овој начин да покаже дека покрај законот за употреба на симболите на Република Македонија кој се носи со двотретинско мнозинство, односно законот за знаме, законот за грб и законот за химна кои се предвидени како обврска во Уставот да се донесат и на тој начин да се искажува како симболи државниот суверенитет на Република Македонија, кои се тие празници на заедниците кои го имаат истиот тој третман како државните празници?

Ако зборуваме за 8 септември како Денот на независноста на Република Македонија, дали тоа значи дека некој верски празник на заедницата треба да биде третиран на ист начин, или тоа треба да значи дека некои други празници на заедниците треба да бидат донесени, утврдени преку одлука како празници на заедниците од страна на самата заедница. Овде како што стои нема апсолутно никакво решение кои се тие празници, како тие празници ќе се утврдуваат, кој државен орган ќе утврди дека е тоа празник на заедницата затоа што, имајќи во предвид дека во овој закон се третира самостојноста во одлучувањето и во изборот на заедницата да го утврдува знамето, ако одиме по тој принцип, тогаш таа самостојност би била и во поглед на утврдувањето на празниците на заедниците. Што значи дека утре можеме тука да славиме празници кои би ги утврдиле заедниците, а кои директно ја дерогираат независноста на Република Македонија.

Ова, вака како што е предложено, не само што претставува неуставна категорија, не само што претставува толку општа алинеја која ја доведува во прашање самата смисла на истакнвувањето на знамињата, туку доведува во прашање и изразувањето на националниот идентитет на самите заедници. Верувајте, утврдувањето на вакви празници на заедниците, дефинитивно значи дека во Република Македонија немаме повеќе граѓани, туку имаме заедници кои утврдуваат свој празници. Ќе има празници кои се утврдени од страна на албанската етничка заедница, во соседната општина ќе имаме празници кои се утврдени од страна на турската етничка заедница, понатаму во Шуто Оризари ќе има празници кои се утврдени од ромската заедница, на што би личела Република Македонија? Дали на овој начин се гради унитарна, функционална држава, демократска држава, држава на сите граѓани? Ова не претставува начин на кој можете да го доведете до израз почитувањето на националниот

идентитет. Ако сметате дека верските празници ќе треба да дојдат на овој начин, создавате дополнителни тешкотии затоа што верата ја внесувате во сферата на политичкиот систем, а знаете дека со Уставот таа е одвоена од државата.

Навистина, ова што се предлага, не само што има катастрофални решенија, не само што е донесена така за да се задоволат одредени политички потреби, туку претставува нешто што се коси со сите и стручни и правнички аргументации, меѓутоа, за кои нема никаква политичка основа за донесување на вакви решенија.

Сметам дека доволно кажав за да добиеме тука како пратеници барем елементарно објаснување од страна на предлагачот што се сакало да се каже, затоа што ние тука како пратеници, како донесувачи на овој закон и предлагачот како Влада на Република Македонија, ако не знае или ако може да ја толкува многу екстензивно оваа алинеја на овој член, тогаш што би станало кога секоја општина би почнала да ја толкува на свој начин. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодрам господине Стојановски.

Има збор заменикот министер за правда, господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Само за дообјаснување дека во врска со ова што е кажано од пратениците, знаете дека постои закон за празници на Република Македонија и тука се наведени кои се.

Мислам дека овде е прецизирано во законот да не се веат знамињата, според тоа што е предвидено во овој закон и овој член.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине заменик министер.

Една минута контра реплика за господинот Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине заменик минситер, во алинејата 1 од овој член имате наведено: во денови на државни и други празници на Република Македонија, утврдени со закон. Тоа значи ова што вие го објаснивте. Меѓутоа, зошто, покрај тоа што е наведено со закон, вие наведувате и во денови на празници на заедниците. Дали тоа значи дека овие празници нема потреба да бидат утврдени со закон, туку можат да бидат утврдени и со одлука на општината или на друг начин.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Госпоѓо Бонева немате право на реплика. Од господинот заменик министер беше реплика на господинот Стојаноски. Врз основа на тоа господинот Стојаноски доби една минута контра реплика. Вие имате право на дискусија.

Повелете господине Балковски, имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам потпретседателе, почитувнаи пратеници, сакам да напоменам дека веќе кога не се усвои амандманот на член 2, а тоа е заедниците имаат право да си го употребуваат своето знаме, меѓутоа, кое ќе биде различно од друга држава, тоа не го усвоивме и сега веќе имаме случај да во Република Македонија ќе се вејат две знамиња, едно знаме на друга држава и едно наше на оваа држава. Сега веќе сите овие амандмани што се поднесвуаат се всушност амандмани за зачувување на државното знаме. Ако е веќе така дајте да најдеме некое решение и со овие амандмани барем во некој случај да го заштитиме нашето знаме, инаку, знамето што ќе се вее од друга држава, тоа е веќе дефинирано со овој закон и овој закон очигледно, како што стојат работите, ќе се усвои, меѓутоа, со амандманите можеме да реагираме до некаде да го зачуваме нашето државно знаме во единиците каде што ќе има мнозинство од 50% од заедниците.

И овој амандман на членот 5 алинеја 2 да се брише и тоа е во насока на зачувување на државното знаме. Кога е утврдено дека покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа заедница, секогаш ќе се истакнува знамето на заедницата, никогаш нема да се истакнува знамето на Република Македонија и тоа ќе видиме многу брзо пример кога ќе се усвои овој закон затоа што таму каде што се предлагаат амандмани каде децидно стои употребата на државното знаме, ни еден амандман не помина. Истото ќе се случи и со овој амандман.

Значи, ако веќе имаме во денови на државни празници и други празници на Република Македонија утврдени со закон, се поставува прашање која е таа алинеја односно која е оваа алинеја 2 и што објаснува таа во денови на државни празници на заедниците. Сега видете во алинеја 3 се додава нова реченица, во денови на општински и други празници. Значи, сите три алинеи кажуваат дека има празници и државни и други и празници на заедниците и општински празници и пак други празници утврдени со одлука на Советот на единицата.

Ќе се доведеме во ситуација секој ден да може, според овој закон, да биде прогласен за празник и секој ден да се вее знаме на друга држава во Република Македонија во општините каде имаме над 50% жители што ќе бидат од заедниците.

Без разлика дали овој амандман ќе се усвои или не, по се изгледа не, и другиот амандман во членот 5 алинеја 2 се поврзани, но и другите амандмани по однос на член 5, сите амандмани сега веќе означуваат на каков начин да го заштитиме нашето државно знаме.

Ќе имаме и други амандмани, ќе видите дека сите амандмани веќе одат во таа насока, меѓутоа, со овој закон изгледа дека од закон за употреба на знамињата на заедниците, веќе со не усвојување на амандманот 2, преминува во закон за заштита на македонското знаме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, еве чувствувам потреба и по овој амандман и покрај тоа што гледајќи ја сегашната амандманска расправа и она што го говоревме за законот, мислам дека многу тешко нешто ќе биде поминато од овие амандмани и покрај тоа што амандманите доаѓаат и од позицијата и од опозицијата, сигурно дека поголемиот дел од парламентарното мнозинство си ја знае својата работа и ќе ја заврши како што треба или како што треба во овој момент, а како што не треба за Македонија, но во секој случај тоа ќе го оставиме на господата што ќе си земат за право да го нарпават тоа.

Мислам дека членот 5 посебно алиена 1, 2 и 3, се работи за кои апсолутно освен алинејата 1, овие други две алинеи не треба да постојат, затоа што едноставно во денови на државни и други празници на Република Македонија утврдени со закон би требало да се веат овие знамиња и тука завршува приказната затоа што сите овие државни и други празници на Република Македонија се утврдени со Закон и законот е донесен, се знае кои се тие и тука апсолутно не гледам ништо спорно.

Но, зошто во случајот законодавецот и предлагачот на овој закон ни ги нуди овие две други алинеи и во која замка понатаму ќе влеземе сите ние, за што еднаш добиено право кажувате дека повеќе не може да биде одземено и секој ден со вака добиени права вие се повеќе и повеќе одземате други права и тоа што претседателот го сонува, ако е ова сон, еден ден ќе остане без сон, не само тој туку и неговите деца и внуците.

Значи алинејата 2 за која што се говори во овој амандман, "во денови на празници на заедниците", е сега, јас не би сакал да се враќам многу назад и да кажам кој тука и како ќе ги слави тие денови и прослави, затоа што со алинејата 3 во која се кажува "во денови на општински и други празници утврдени со одлука на советот на единицата на локалната самоуправа". И тука се прави тотален хаос, во она што треба да значи национално знаме, во она што треба да значи веење на знаме на етничките заедници во Република Македонија.

Значи сведоци сме за жал во последно време, тоа е многу болно, не поминале многу, само 4 години од настаните што доведоа и до промената на овие закони и на кои што сега се повикуваат господата од ДУИ за Охридскиот договор и промените на Уставот на Република Македонија, но, за жал, сите сме сведоци на нешто што апсолутно ние се уште не сме го направиле, а тоа е споменикот за бранителите. А, веќе гледаме дека се прават прослави во Вејце, во Карпалак, во Љуботен. Не само што се изградени споменици, туку се случува нешто друго. Се случува на тие прослави да се вејат само албански знамиња и тука не интервенира ни полиција, не интервенира апсолутно никој.

Ако тоа е целта на ова што тука го нуди Владата во моментот, треба јасно и отворено министерот да каже, а не дека тоа било утврдено со некој закон и со кој закон е утврдено државните празници, мислам дека апсолутно не соодветствува со ова. Можеби утре, бидејќи во едно од министерствата има човек кој ја запре водата во Куманово, можеби и тоа ќе го прогласи за празник, па ќе се вејат знамињата во Куманово и на браната во Липково, дека тој ќе биде херој.

Ако е тоа целта на овој закон и на ова што тука го гледаме во алинеата 2 и 3 мислам дека господа треба да му кажеме на македонската јавност. Јас не би сакал апсолутно апокалиптично да гледам, Уставот и Охридскиот договор е донесен само врз основа на јавачите на апокалипсата и она што се случи на Република Македонија.

Тука, апсолутно немам никаква дилема дека овие две алинеи апсолутно треба да се избришат и да не постојат во членот 5, затоа што не со подзаконски акти, не знам со какви акти понатаму моежете да донесувате, но ова ќе биде завршена работа. Затоа што давате право нешто што не е дефинирано во закон, едноставно секој да го употреби. А, употребата значи злоупотреба во Република Македонија. Затоа што двете работи не можат да одат заедно. Дефинитивно е тоа така.

Тука, апсолутно нема дилеми за ниту еден граѓанин на Република Македонија, сем за вас. Уште еднаш апелирам до парламентарното мнозинство, до колегите од СДС и ЛДП овие две алинеи и овој амандман да се усвои, затоа што рековме ние, веќе сега губиме се, но од друга страна да можеме да го заштитиме државното знаме и она што во овој момент со овој закон останува да се заштити. Инаку, со овој начин и ова што го гледаме, мислам дека претставува токму тоа, официјализирање на сите овие прослави, дали е тоа 2001, дали ќе биде 1943 година, Џемо и Мефаил или не знам уште кој ќе се прогласат тука празници на малцинствата и тука ќе настане еден хаос, апсолутно никој повеќе не ќе знае што се случува во Република Македонија. Потоа, на сето тоа со овој закон ние ќе му дадеме право да биде така.

Затоа, јас ја преземам одговорноста лично да гласам за овие амаднмани и да бидам против сите овие работи. Мислам дека треба сите заедно да го направиме тоа, барем пред нашите деца да имаме чиста совест, ако ништо повеќе. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Џабе што проговори заменикот министер кога ништо не ни кажа, кога не расчисти ниту една дилема што беше поставена овде. Исто како што имавме со претходниот амандман,

како што не добивме одговор зошто се проширува Рамковниот договор и зошто знамињата на етничките заедници треба да се стават и пред државните институции, а сега и државни знамиња што се на други држави, повторно не добиваме одговор која е тенденцијата да се стави, во алинеја 2, дека покрај тоа што во денови на државни и други празници на Република Македонија утврдени со закон ќе се вејат знамињата на етничките заедници, зошто во алинеја 2 е дадено "во денови на празниците на заедниците". Не се кажува утврдени со закон.

Моето прашање беше, која е намерата на предлагачите со ваквата алинеја? Дали со закон да се остави можност, хаосот што владее во моментот, кој што сака слави, кој што сака празнува и ги истакнува државните знамиња на туѓи држави, сега тоа со закон да биде овозможено или пак ќе предложите и ќе донесете закон за празници на заедниците што ќе помине низ овој Парламент, како многу закони и треба тоа да ни го кажете, да знаеме што значи тоа "во денови на празници на заедниците".

Ако го утврдувате со закон, тогаш треба да стои дека - утврдено со закон, како што имате со претходната алинеја, каде што кажувате "во денови на државни и други празници на Република Македонија утврдени со закон", ќе се вее знамето на етничката заедница.

Во втората алинеја, апсолутно ништо не е јасно. Така како што е дадено, тоа значи озаконување на безредието, кој што сака и како сака да празнува во државата, Република Македонија. Значи давање правна рамка на анархијата. Доколку ставите дека "во денови на празници на заедниците утврдени со закон, тоа е веќе нешто друго, значи за овие празници ќе расправа и овој Парламент и најверојтно парламентарното мнозинство ќе го донесе. Меѓутоа ќе се знае што е тоа што е донесено и што е тоа празници на етничките заедници.

Вака, како што е дадено, решението е многу нејасно и повторно ќе кажам која му е тенденцијата,како што не добивме одговор за тенденцијата за проширувањето на Рамковниот договор. Токму заради тоа повторно ги повикувам пратениците од парламентарното мнозинство да го поддржат овој амандман, не заради тоа што е поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, туку заради тоа што и пратеникот парламентарното мнозинство го согледал тоа па бара да се промени, односно да се избрише алинеја 2 на членот 5.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Повелете господине Краљевски Чедомир.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе,

Кога веќе не поминаа амандманите со кои што не се дозволуваше употреба на државно знаме на друга држава во јавниот и службениот живот во Република Македонија, тогаш предложените амандмани што се здружени, неколку на број, за што сега дискутираме, а се однесуваат на членот 5 ги подразбирам само како продолжено противење или пак заштита на така редуцираниот веќе суверенитет на Република Македонија. Поконкретно кажано, членот 5, во ставот 1 зборува "во единица на локална самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа, согласно со членот 2 од овој закон", оној фамозен член 2 став 2 за што веќе зборувавме, па вели "пред и во објектите на државните органи и јавните служби и правните лица основани од државата".

Амандманот, поднесен, со кој се брише оваа реченица од членот 5 е да се заштити веќе нарушениот суверенитет на Република Македонија, односно пред државните органи на единиците на локалната самоуправа во која припадниците на заедницата се мнозинство, тоа значи бројот на жителите е 50% + 1 во таа единица на локалната самоуправа кои се припадници на заедницата, да не може да се истакнува државно знаме на друга држава пред органите, односно институциите на државата Република Македонија.

Во таа насока давам целосна поддршка на овој амандман. Исто така, кога веќе дискутираме во пакет за сите амандмани, поднесени за членот 5, би нагласил, во членот 5 во алинеја 2, амандманот поднесен да се избрише алинејата 2, што значи дека во "единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани, припадници на заедницата и се мнозинство", повторно ќе кажам тоа значи повеќе од 50% да се припадници на заедницата, да не може да се истакнува знамето на таа заедница во денови на празници на заедниците. Тука има една логична и граматична нелогичност, недоследност или недореченост. Зошто, затоа што во текстот, на почетокот на членот 5 се зборува за "припадници на заедницата". Значи, мнозинство од 50% + 1 на припадниците на заедницата. А во алинеја 2 "во денови на празници на заедниците". Значи множина. Ако веќе имаме едно мнозинство во единица на локална самоуправа кои се припадници на заедницата, не може во алинеја 2 да се зборува во денови на празници на заедниците. Не можат две заедници да бидат мнозинство во исто време. Тоа е граматичката и логичната нелогичност.

На ова место веднаш би поставил прашање до претставникот на Влдата, да ни каже барем еден празник, ајде конкретно на албанската заедница, кој не е регулиран со закон? А, во еден празник на припадниците на албанската заедница, кој не е регулиран со закон, а во чии денови би биле истакнати знамињата, како што е регулирано во членот 5. Како што се предлага да се регулира во членот 5. Еден само нека ми наброи.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Има збор пратеникот Чашуле Слободан.

Повелете господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине преседавач,

Почитувани колеги, по неусовјувањето на амандманите на членот 2, немав намера да зборувам бидејќи со неусвојувањето практично отворивме процес во кој и со несогласувањето со Законот го кршиме Уставот. Ние сите, како пратеници, при добивањето на потврдите дека сме избрани и при конституирањето на оваа сесија на собранијата на Република Македонија се заколнавме да го браниме Уставот.

Од тие причини мислев дека секое мое учество во понатамошната расправа, до последната шанса што имаме да го браниме Уставот, а тоа е усвојувањето на законот, значи расправата по самиот текст на законот да не земам збор. Меѓутоа, совеста не ми дава да поминам и преку уште еден уставен апсурд што се создава со овој член и посочувајќи на тоа, сакам да ја дадам мојата подршка на овој амандман.

Република Македонија е држава на сите граѓани, а не на заедницие. Граѓаните, преку заедниците ги оствaруваат своите права. Меѓутоа, ако е така, тогаш ние, со озаконувањето на празниците на заедниците оствaруваме идентитет и издвоени права на заедници што не постојат во нашиов демократски поредок, што според член 2 од Уставот вели Република Македонија е суверена држава и суверенитетот им припаѓа на граѓаните. Јасно ми е дека во главие на некои луѓе проаѓа идејата, кога еднаш веќе го прекршивме Уставот дај до крај да го кршиме, па Уставниот суд нека решава. И, еден ден најверојатно ќе реши, ќе го врати сето ова назад. И, што сме добиле? Наново ќе почнеме со оваа тажна, непријатна и за мене со никаква позитивна завршница со никакво позитивно исходиште, ќе се води пак. Па, добро луѓе, ние овде, лојални кон Уставот, во кој што е вграден Рамковниот договор се обидуваме на граѓаните кои чувствуваат потреба како единка да го изразат својот идентитет, тоа да го прави. И може да го користи знамето во својот дом, на своите свечености и другоде. Го прекршивме Уставот што дозволивме на нивото на локалната власт, што е локален суверенитет да се вее знаме на друга држава, сега, пак кодифицираме нов квалитет во македонскиот устав што не постои нов квалитет во македонскиот политички живот а тоа се празници на заедниците. Кој?! Денот на државноста на Република Бугарија?! На Република Албанија?! На Република Грција?! Кои се тие државни празници на заедницие и ако ги предвидиме во закон за државните празници на заедниците и ако е тоа според уставот, нека. Но, немојте господа, заради правниот поредок, заради уставниот поредок на оваа држава да кодифицираме категории за нешто трето во закон што се занимава со нешто четврто. Кој го определува законот на заедницата. И пак се враќаме назад до прашањето што го определува симболот што треба да биде поместен на знамето и кој го определува знамето по кои критеруми и како.

Затоа го поддржувам амаднманот. Ова треба да го извадиме, ако веќе до расправата по текстот на законот има шанса со преодни и завршни одредби или со амандмани на предлагачот да го сочуваме Уставот, дајте ова да го елиминираме сега, кога ни се дава можност да го тргнеме.

И, да се разбереме уште еднаш, јас нема ништо против идентитетот на единката, на граѓанинот неговото асоцирање во заедницата. Немам ништо против тој да го остварува. Но, имам против тоа да се прави на начин што е спротивен на Уставот, и имам против во еден одреден закон, без правно уредување на нормите да се предвидув празник, па празник на заедницата. И, утре ќе се најдеме во ситуација да не можеме да дефинираме што е тоа празник на заедницата, а што е најважно не можеме да извршиме плебисцитарна проверка кај заедницата дали токму тој празник избран од политичката групација, што во моментот се смета за елита, е празник што сите го чувствуваат како празник. Бидејќи кај нас нема заедница што не е создадена од единки и нема единки што немаат издвоени интереси и нема единки што во рамките на тие заедници не се групираат политички, верски, семејно и да не одам во други детали. Според тоа, кој е тој што вака лапидарно, со една алинеја во еден закон, однапред може да каже што е празникот на таа заедница. Па, законите постојат имено, за тоа да поведат сметка со максималиот можен компромис да се задоволат што повеќе индивидуални интереси. Не заборавајте, Република Македонија е суверена демократска држава на нејзините граѓани.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле,

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата)

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници.)

**Слободан Најдовски:** Во салата имаме 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Молам, дали имате нешто нејасно? (Пратениците не знаат за кој амандман гласаат).

Добро, тогаш исклучете го гласањето и ќе повториме.

Гласаме за амандманот на член 5 за бришење на алинеја 2, поднесен од пратеникот Благородна Мингова Крепиева и од пратениците Силвана Бонева, Илија Китаноски и Ефтим Манев.

Со оглед на тоа што двата амандмани се потполно исти до збор, се гласа за двата амандмани истовремено.

Дали е сега јасно, за да немаме недоразбирања.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници во моментот на гласање. Од нив гласале 60, 15 гласале за амандманот, 3 воздржани и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за бришење на алинеја 2, поднесен од пратеникот Благородна Мингова Крепиева и од пратениците Силвана Бонева, Илија Китаноски и Ефтим Манев.

Отворам претрес по амандманот на член 5, алинеја 4, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китаноски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Китаноски Илија.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе.

Амандманот се однесува на член 5 алинеја 4, каде што предлагаме зборовите "и претседателот и членови на Владата на Република Македонија", да се бришат односно истакнувањето на државното знаме и знамињата на заедниците да биде само во случаи кога во официјална посета е шефот на државата односно претседателот на државата, бидејќи Владата е работно извршно тело, членовите на Владата, вклучително и премиерот постојано се или треба да бидат постојано присутни по градовите на Република Македонија и навистина е нелогично ако во секој нивни работен ангажман и посета на било кој член на Владата се веат знамињата на сите државни објекти, на сите објекти на локалната самоуправа и на сите бандери буквално како да е државен празник. Мислам дека амандманот е поднесен од практична природа и ако не се прифати самиот предлог, основниот предлог, кој што предвидува и при посета на членови на Владата на Република Македонија буквално да се изнакитат улиците и институциите во градовите, дека премногу се дава значение на една церемонија и на еден протокол при средби и контакти кои што како извршно тело членовите на Владата ги имаат скоро секојдневно односно би требало да ги имаат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Има збор пратеникот Стојаноски Блаже.

**Блаже Стојаноски:** Почитувани колеги пратеници, овој закон веќе почнува да претставува закон во кој што преку симболика се покажува агендата која што ја спроведува оваа Влада во Република Македонија во контекст на иднината на Република Македонија.

Која е логиката во Република Македонија членовите на Владата, министрите, премиерот на Владата, претседателот на државата кога одат во посета, како што стои во овој член, на единиците на локалната самоуправа на општините, на дел од територијата на државата во која што тие претставуваат извршна власт, кои што претставуваат власт која што треба да функционира на целата територија на Република Македонија, со овој закон да се дава посебна обврска на етничките заедници на општините да мораат да го истакнуваат знамето на таа заедница при нивната посета. Дали со оваа симболика се предизвикува или се сака да се предизвика односно да се покажел отпочнувањето на еден процес на целосна политичка автономија која што треба да ја имаат Албанците во Република Македонија. Вакви одредби постојат само во федерални држави, каде што претседателот на федерацијата оди во посета на едната членка или на другата членка на федерацијата. Ние, колку што знам и како што пишува во Уставот на Република Македонија, сеуште сме унитарна граѓанска држава, која што нема федерални елементи во Уставот. Меѓутоа, во праксата, за жал, тоа не е така и многу повеќе може да се каже дека овој член, оваа одредба од членот 5 упатува на фактот дека дефинитивно Република Македонија се движи кон нејзина федерализација односно кон создавање на елементи што значат елементи на федерална држава. Затоа што, факт е дека ако премиерот треба да оди во една општина и таму да прави посета, како што е наведено во овој закон и во таа општина да мора да биде истакнато државното знаме и знамето на општината и знамето на заедницата, не може да значи ништо друго дека тоа претставува обврска која што се дава на припадниците на одреден етнички колективитет, за да му искажат должна почит на претставникот на извршната власт или на претседателот на државата.

Меѓутоа, од толку неконсеквентни решенија во овој закон, навистина не може човек да одбере кое од кое е полошо.

Јас би ги поставил работите и на еден друг начин. Прашање е зошто дискутираме цело време и зошто имаме толку амандмани во услови кога главната последица која што ќе биде постигната со овој закон е тоа да може во Република Македонија, во општините каде што етничките заедници се мнозинство, секогаш, секаде, да може да се вее секое знаме. Тоа можело предлагачот да го реши со еден член. Затоа што, ако не се прифати забраната да се вее знаме на туѓа држава, ако се дава обврска во денови на празници на заедниците да се истакнуваат државното знаме и знамињата на

општината и на етничката заедница, ако во време на државни и други празници утврдени со закон се истакнуваат знамиња, ако тие знамиња се истакнуваат при официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава, тогаш јас не гледам друго решение, освен со еден член да го затворевте ова прашање на начин кој што директно ја предизвикува и оваа последица, а тоа е нарушување на суверенитетот и унитарноста на Република Македонија. Или, поинаку да го поставам тоа прашање. Дали може некој овде, па вклучително тука и предлагачот да ни каже кога нема да се вее знамето на етничката заедница. Дли може некој да каже кога во тие 365 дена, колку што има една година, нема да се вее знамето на етничката заедница. Затоа што, за да се одговори на ова прашање, за да одговори било кој на ова прашање, треба да има одговор на повеќе други прашања и тоа, колку од тие 365 дена во годината се државни празници. Колку од тие 365 дена се други празници утврдени со закон. Колку од 365 дена се денови, празници на заедниците. Колку од тие 365 дена се општински празници. Колку од нив се други празници кои што допрва ќе ги утврдува советот на единицата на локалната самоуправа. Колку пати во годината ќе престојуваат претседателот на државата, премиерот на Владата, министрите во Владата во соодветната општина. Колку официјални посети ќе се остварат во текот на 365 дена. Колку пати во годината ќе се случат меѓународни средби, натпревари, политички собири, научни собири, културно-уметнички собири, спортски манифестации. И, доколку останат неколку денови во годината кога нема да има вакви манифестации или вакви причини за истакнување на знамето, тогаш употребата на знамето е покриена со можноста за употреба на знамето во приватниот живот и се ќе се подведе понатаму под оваа формулација.

Ако веќе целта на овој закон е секогаш и секаде да може да се употребува знаме на етничката заедница, уште еднаш ќе повторам, ако може тоа да биде и знаме на друга држава, ако знамето на етничката заедница, кое е истовремено и знаме на туѓа држава да може да се употребува официјално при пречеци на странски државници, тогаш јас би ви препорачал ова да го затворите многу едноставно. Направете еден амандман со кој што би го замениле целиот закон, а тоа е дека секаде и секогаш може да го употребите секое знаме и на тој начин дефинитивно ќе го покажете вашиот однос кон знамето како израз на суверенитетот на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Пратеникот Хусеини Хусеинџевад има реплика три минути.

Повелете господине Хусеини.

**Хусеини Хусеинџевад:** Видете господине, не само на вас, туку и на другите подносители на амандмани, имаме закон што предлага повеќе права и имаме амандмани што предлагаат скратување на права. Владата е за повеќе права. Ние како коалиција не сакаме, господине, па сметаме дека ете да речеме Идризово има казненици и чувари. За мене и за нас тие се сите затвореници. И не сакаме така Македонија и понатаму да биде таков затвор. Законот предлага повеќе права и не знам каде вие гледате сопствените права дека ви се скусени. Не се скратени. Се прошируваат нечии права. Лошо е да не ја уживате сопствената слобода оти ви смета слободата на другиот. Тоа не е добро.

Постои една добра поговорка дека штетата ни штети и штетата не учи. Е, ова покажува дека има луѓе што учат од сопствената и од грешката на другите, а за жал постојат и луѓе што не извлекуваат поуки од сопствените греќшки и од грешките на другите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Хусеини.

Една минута контра реплика господинот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Грешките на другите и учењето од грешките на другите, јас мислам дека треба господата од ДУИ треба да го направат, почнувајќи од себе си затоа што јас не познавам пример во светот кога за човекови права се бореле некои со оружје и убивале други луѓе. За човекови права борбата се води преку институциите на системот и на начин што значи постојано надградување на тие права. А, кога се работи за искажување на правата и остварување на правата на етничката заедница, тоа е дефинирано во Уставот на Република Македонија и тоа не треба да ги засега државните интереси на Република Македонија, тоа не треба да прави двонационална држава од Република Македонија и да создава политички ентитет, кој што ќе значи можност за поделба на државата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Па, еве и оваа алинеја од членот 5 во која што се говори за пречекот и испраќањето на претседателот на Република Македонија и претседателот и членови на Владата на Република Македонија, амандманот е да се избрише делот каде што стои претседателот и членови на Владата на Република Македонија. Мојот коментар за Предлог-законот беше дека Република Македонија за жал на сите нас е многу мала држава, долж и попреку е некаде од прилика по 200 км., така што со оваа Влада шгто ја имаме и толкуте министри и заменици министри кои ги има Владата и за кои што се најавува дека еве претстои некој економски бум кој го чекаме три години, ама тој бум прерасна во нешто друго, значи тие министри секој ден ќе

треба да бидат некаде. Еве, сега уште малку ќе почнат предизборни активности, ќе почне отворање на водоводи, на мрежи, на локални патишта и министрите ќе бидат присутни во сите тие места, за жал или за среќа сите министри и не живеат во Скопје, така што секоја нивна посета, пречек и испраќање во деновите кога си заминуваат дома, ќе треба да биде проследено со истакнување на државни знамиња и знамиња на етничките заедници.

Јас не знам која е големата слобода што некој ќе ја добие ако при поминувањето на министерот, а имаме само два патишта до Охрид и обично тука завршуваат сите приказни. Многу ретко ги гледаме во источниот дел на Република Македонија. Значи, едниот пат и патен правец Скопје, Тетово, Гостивар, Кичево, Струга, Охрид или другиот преку Битола и она што едно време беше ветување, но поминаа 10 години, останаа три столбови кај Езерото Младост, повторно преку Плетвар, Прилеп, Битола и Велес, за да се стигне повторно до Охрид. Значи, тоа се двата патишта кои водат во една насока и во која што секојдневно ќе треба да се движат овие министри и тука завршува таа приказна. Ова што се однесува за нашите министри кои можат да заминуваат дома или да ги пречекуваме и испраќаме и нон стоп да бидат во некакви посети да организираат средби со стопанственици, комори и такви работи и тука нон стоп ќе биде посета на некој министер.

Што се однесува до претседателот на Република Македонија, тој до душа е повеќе кај нашите соседи, на некои кошаркарски натпревари, на концерти, но гледаме таму не се вее македонското знаме. Во Република Македонија е помалку верме, но барем на спортските настани во овие три години до сега или колку е тој година и нешто, не беше виден и покрај тоа што тие имаат...

**Слободан Најдовски:** Господине Мавровски, оставете ги спортските натпревари, зборувајте за амандманот.

**Спиро Маворвски:** Говорам за тоа што се случи на последното финале на фудбалскиот клуб на Република Македонија, каде што претседателот на државата, ајде да не кажам и кралицата на сите досегашни натпревари во Англија и секаде во светот, се случува претседателот да биде тој каде што ќе се вее државното знаме и тој да ги предава. Значи, тука сега во овој член, во оваа алинеја даваме право и тие знамиња да ги вееме за претседателот на Републиката. Но, како што кажа и мојот колега Стојановски тоа се случуваше во една држава која што имаше федерални единици, а една од тие федерални единици беше и Република Македонија, па така пречекувањето на тогашниот претседател другарот Тито, знаеме дека беше и Република Македонија, па така пречекувањето на тогашниот претседател другарот Тито, знаеме дека беше со големи најав. Неколку дена пред тоа се превземаа сите безбедносни мерки, се вееја сите можни знамиња што се вееја, но мислам дека сега ситуацијата е сосема поинаква. Затоа што, Република Македонија во моментот е држава и такви официјални посети во текот на годината не знам колку ќе ги направи претседателот и тоа можеби е во ред  за него и да се веат при пречекот и при испраќањето, но сето ова другото од оваа алинеја мислам дека апсолутно овој амандман е во право. Тука ќе направиме нешто што, јас кажав и минатиот пат, секој секаде во секое време поминува во Република Македонија, така што во сите 365 дена, ако не министер, тогаш заменик министер би поминувал по овој пратен правец кој го кажав, каде што единиците на локалната самоуправа ќе имаат, претпоставка, мнозинство или се мнозинство, така што сите овие знамиња ќе се веат во текот на целата година. Сега, дали тоа веење можеби е одобро еднаш да се каже не во вакви завиткани форми кога има празници, кога имало ова или она, туку да се вее нон стоп, иако тоа им дава поголема слобода на етничките заедници или им ја дава онаа слобода што тие ја чувствуваат дека ја имаат изгубено, тогаш македонското знаме не мора да се вее во тие делови и тогаш ќе бидат потполно слободни и она што го сакаат и што го кажуваат цело време ќе биде остварливо. Ако е тоа целта на законот, тогаш да прекинеме и со дискусии и законот да го донесеме директно на гласање, па некој друг ќе ни каже дека ова што ние сакаме да го донесеме е апсолутно некоректно, ни според Уставот на Република Македонија, ни според меѓународните правила кои што владеат секаде во светот. Значи, по двете нормативи за кои што толку сакаме да говориме дека ќе се приближиме до Европската унија и до Европа, со овој закон ние се оддалечуваме. Наместо да се приближиме, ние сме подалеку од неа. Во секој случај јас ќе го дадам мојот глас за овој амандман, со тоа што мислам дека ќе има разбирање и кај господата од позицијата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата пред да преминеме на гласање.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љупчо Јодановски:** Ги молам службите да утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 2 гласале за, 1 воздржан, 56 против.

Костатирам дека амандманот не е усвоен.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни повеќе од 61 пратеник.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на алинеја 5, поднесен од пратениците Ристана Лалчевска и Милка Митковска. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот на Владата.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќо никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Гласале 65 пратеници, 60 гласале за, 1 воздржан, 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 алинеја 5, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Китановски, имате збор.

**Илија Китановски:** Навистина господин претседателе човек треба да се пријави за збор уште пред да се произнесе предлагачот, односно Владата, дали го прифаќа амандманот или не, па ако го прифаќа ќе треба веднаш да се вклучиме и да образложиме зошто тоа сме го направиле.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам господине Китановски вие можете да се пријавите, ве молам не е тоа објаснување.

**Илија Китановски:** Да господине претседателе, меѓутоа вие тоа не може да го базирате врз основа на вашите постапки, туку врз основа на Деловникот, а Деловникот вели токму така одкако ќе се изјасни предлагачот тогаш можеме да се јавиме да го образложиме, а ако го прифати, тогаш станува составен дел на текстот.

**Љупчо Јордановски:** Не ви се скратени правата никако.

**Илија Китановски:** Тоа е само ваше мислење претседателе, за жал.

Амандманот се однесува на член 5 алинеја 5 каде предлагаме зборовите "Овластен претставник на Меѓународната заедница", да се заменат со зборовите "Највисок раководен претставник на меѓународна организација".

Амандманот се поднесува затоа што зборовите "Овластен претставник на меѓународната заедница" се проблематични и тоа од два аспекти.

Првиот аспект е тоа што терминот Меѓународна заедница е премногу општ и непрецизен поим и ваков поим не може да се користи при законско нормирање. Од друга страна пак овластените претставници на Меѓународната заедница имаат речиси идентична функција и со амбасадорите на странските држави во Република Македонија. Под овој термин се подразбираат и овластените претставници на меѓународните организации. Соте тие се во една работна позиција, имаат задача, покрај контактите со Владата и запознавање на земјата, контакти со локалното население и со други субјекти во државата. Од тука сметаме дека е неприфатливо во секоја од овие мирни и чести работни посети да има организирање на пречек кој во себе би содржел и истакнување и на државното знаме и на знамињата на етничките заедници. Значи формулацијата "Највисок раководен претставник на меѓународна организација" сметаме дека е посоодветна и навистина ќе ја изрази суштината што се сака да се постигне со овој член од Предлог законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Митковска имате збор.

**Милка Митковска:** Иако пред малку ми го одзедовте зборот и тоа неправедно, сепак се јавувам по амандманот на колегата, што се однесува на истиот член и на истата алинеја.

Имено, членот 5 алинејата 5 се однесува исклучиво на следното.

При официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава, како и на суверен или овластен претставник на Меѓународната заедница. Пред се посета, официјална посета на друга држава не може да се уредува употребата на знамињата со ваков закон, туку тоа е со Законот за употреба на знамиња, што веќе ние го имаме како таков.

Ова пред се претставува и непочтување на Законот за употреба на знамиња и заради тоа ова неприфаќање на овој член претставува повеќе или помалку апсурд, особено за оние кои што велеа дека гледаат во иднината, меѓутоа, таа иднина за мене е апсурдна без донесувањето на овој закон. Од овој момент всушност со неприфаќањето на овие амандмани што се однесуваат на членот 5, Македонија е обезличена. Ја обезличија нејзините чеда.

Народецу македонски, и ти си веќе обезличен, а тебе те обезличија твоите избраници.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, имате збор.

Пред тоа, господине Томиќ имате три минути реплика.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, последнава дискусија не се однесуваше ниту на член 5, ниту на ставот 5 од предложениот текст на закон и би ми било многу интересно да добијам контра реплика и почитуваната колешка да ја запрашам, бидејќи станува збор за обезличување на државата. Дали таа се оградува од Лидерот на својата партија, во поглед на

размена, на делба на територии или не. Ве молам да добијам одговор.

**Љупчо Јордановски:** Е,па, нема да добиете одговор.

Повелете, господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Значи, се јавувам за збор да го поддржам овој амандман бидејќи претходно во расправата по еден друг направив лапсус, го објаснував овој амандман, ама не го дообјаснив и ќе се потрудам да го објаснам од почеток цел.

Значи сега колега Томиќ, јас се надевам дека нема да ја згрешам алинејата, член 5 алилнеја 5, зборовите: "овластен претставник на меѓународната заедница" се предлага да се заменат со зборовите "највисок раководен претставник на Меѓународната организација". Ако ви изгледа исто, мислам дека не е исто, има разлика, значи едно е Меѓународна заедница, сосема е друго Меѓународна организација, едно е овластен претставник, а сосема е друго највисок раководен пртетставник. Така да, јасна е поентата и на законот па и на амандманот. И повторно ќе кажам бидејќи во овој амандман има едно образложение кое најверојатно колегите, особено кога доаѓа од опозицијата не го читаат, јас ќе се обидам да тоа го прочитам или го прераскажам. Значи во самото образложение се наведуваат два аспекти од кои вака предложеното решение не држи вода, односно ваквиот амандман има основ. Значи првиот аспект, се претставува фактот што терминот Меѓународна заедница е премногу општ и непрецизен поим, по што логично произлегува дека ваков поим не може да се користи при законско нормирање.

И повторно да не се враќам сега на онаа иста тема, кога зборував дека законите треба да бидат прецизни, јасно дефинирани, јасно напишани за да не се збуни некој при читање и да не правиме толкување на секоја одредба. Затоа што ако некој сега како правници не праша што е Меѓународна заедница не ќе можеме да дефинираме пет дена. Сосема е друго значи што се Меѓународни организации.

Од друга страна овластени претставници на Меѓународна заедница имаат речиси идентична функција со амбасадорите на странските држави во Република Македонија. Значи под овој термин се подразбираат овластените претставници на Меѓународните организации, на пример ЕУ, НАТО инт., имено тие се во една работна позиција, и имаат за задача покрај контактирањето со Владата исто така запознавање со земјата и чести контакти со локалното население и со други субјекти во државата.

Од тука неприфатливо е на секоја од овие нивни чести работни посети да има организирање на пречек, кој во себе би содржил и истакнување на знаме на сите објекти наведени во член 5. Тоа би било образложението на амандманот, што е писмено доставено до сите пратеници, но да слушне и јавноста бидејќи таа нема можност да ги чита амандманите, затоа сме ние тука да ги кажуваме.

Сега што е интенцијата? Јасно е почитувани колеги целиот закон е во тој правец, целата алилнеја 5 па и сите други алинеи заедно, се набројува во кои ситуации може да се вее националното знаме, односно знамето на етничките заедници, покрај државното знаме, на јавните објекти инт., и ако ги прочитате петте алилнеи ќе си кажете дека се пет шанси, односно пет места и пет услови има кога се вее, но ако ги прочитате вака со поими како меѓународна заедница, ќе излезе дека нема место каде што нема да се вее и нема да има повод кога нема да се вее знамето на етничките заедници или конкретно албанското знаме. Или уште поконкретно, албанското државно знаме. Јасна е интенцијата на предлагачот, не е тоа да се симнат знамињата или албанското знаме од местата каде што не му е место, туку е целта таму да останат, затоа што и досега го има, или пак да се додаде таму каде што го нема. Од друга страна, воопшто не е целта покрај него да стои некое државно знаме, затоа што бидете сигурни тешко ќе го видите државното знаме покрај овие знамиња, затоа што повторно ќе се роди некоја маана, по пракса и обичај Албанците тоа знаат да го истакнуваат, и што да им се даде секогаш ќе се најде некоја маана поради која ќе мораме да правиме ревидирање на овој закон или незнам кој. Ќе се најде некоја точка во Рамковниот договор ко ја само тие ја разбираат, дали тоа ќе биде од македонскиот превод, дали од англискиот, од оригиналот, во секој случај ќе се најде тема, повод и причина нешто да не им биде по ќеиф, или нешто на некој начин дека се обезправени.

Повторно ќе кажам, бидејќи сите амандмани ги искажавме и образloживме полека слегуваат еден по друг надолу, испаѓа дека целиот овој закон, па и овој амандман кој што сега го дискутираме на членот 5, буквално нема реченица каде што нешто може да помине или нешто трпи. Затоа ќе кажам дека ова можеби е најбезболното решение кое го нуди овој амандман, едноставно прецизно одредување, да се знае дека во ситуација на посета на највисок ракководен претставник на меѓународната заедница може да се истакне знаме, а не на секој овластен преставник на Меѓународната заедница, затоа што тоа ќе значи при секоја една посета, вклучително и како вчера со посетата на госпоѓа Медлин Олбрајт, веќе не знаеме во која функција, дали како овластен преставник доаѓа или што е, но во таква ситуација ние ќе треба да вееме знамиња, албански. Сега, дали при таквата посета ние ќе треба да истакнуваме знамиња, значи при секоја таква посета ќе треба да вееме разни знамиња. Од тие причини, амандманот е многу конкретен, односно се однесува на највисок раководен претставник, што има некоја логика, а сето друго навистина не држи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Томиќ, во што е проблемот, имате реплика?

Добро, имате три минути реплика.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, прво, нема проблем, ова вака што ме прозивате не е вред.

Второ, бидејќи бев прозван, бидејќи знам дека вие внимателно ги следите дискусиите, едно прашање до господинот Караџоски. Дали може да ми одговори на Ист Ривер кое знаме ќе се вее?

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, имате една минута контра реплика.

**Жарко Караџоски:** Прво, господине Томиќ, објасни ми каде е тоа Ист Ривер. Во Македонија сигурно не е. Навистина интересно прашање и еве прв пат да се најдам во ситуација да незнам да одговорам кое знаме. Па и ако даде господ да влеземе во ЕУ, веројатно ќе имаме проширување на овој закон, со тоа да ни се вее и албанското и македонското, да не се збунат луѓето таму. Оти како ќе влезе Република Македонија во ЕУ само со македонско државно знаме без албанците. Немојте тоа, далеку од тоа и таква глупост нема да се случи. Јас навистина не знам како да ви одговорам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Додека се разбереме, знамето на Црн Дрим да видиме какво ќе биде, за Ист Ривер ќе видиме.

Членот 5 алинеја 5, во единиците на локална самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа, согласно член 2 од овој закон, пред и во објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата, јавните служби и правните лица основани од единицата на локална самоуправа, на улиците, плоштадите и други инфраструктурни објекти, покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа заедница.

И алинеја 5: при официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава, како и на суверен или овластен претставник на меѓународната заедница.

Тоа е членот 5, алинеја 5 на кој што е предложен амандман, претходно уште еден амандман и мислам дека и двата амандмани во однос на претходните алинеи за кои говоревме, алинеја 2, 3, и 4, мислам дека кажуваат нешто што овој закон, наместо она што треба да биде, значи применлив и лесно разбирлив за сите, доаѓаме во ситуација секој да го толкува како сака. И, алинејата 5 е дел од тоа толкување и после тоа не можеме сите да се прашуваме што и како. Зошто го мислам сето ова? Досега не се случило наш суверен или овластен претставник или претседател на држава или нашиот премиер во било која држава во светот да бил во посета, да сме виделе покрај знамето на државата што ја посетил, освен македонското знаме и знамето на таа држава, да се вее знаме на некоја од нивните етнички заедници и тоа мислам дека во догледно време нема да се случи и покрај тоа, како што кажа господинот Томиќ, ќе се веат уште 20 други знамиња, знамиња на членките на ЕУ, но знамиња на етничките заедници сигурно нема да се веат при посетата на нашиот претседател и нашиот премиер и нашите суверени претставници во било која држава на ЕУ, и во било која држава во светот, макар што тие посети да бидат што почести и да има некое фајде и Македонија од посетите. Тоа е едната ситуација.

Втората ситуација која со оваа алинеја 5 и со членот 5 ќе донесе многу нејаснотии или ќе донесе една конфузија во поглед на примената на знамето, е точно ситуацијата за која говорев. И покрај тоа што со членот 2, ставот 2, за кој сите говоревме дека и овој закон треба да се донесе после донесувањето на знамето на етничките заедници во Република Македонија, хипотетички може да се случи ситуација кога претседателот, премиерот или претставниците на албанската Влада при посета во Република Македонија, посебно во северозападниот дел на Република Македонија, да се вејат две државни знамиња на соседна држава и едно знаме на Република Македонија, иако тука тоа ќе се вее и пред објектите и во објектите на државните органи, во јавните служби. Сега јас ќе прашам како ќе изгледа сето тоа кога било каде дали е тоа внатре или надвор, таа средба на двајца премиери, двајца претседатели во Република Македонија се веат три знамиња од кои две албански и едно македонско. Ние доаѓаме во една ситуација и дали размилуваме, дали предлагачот на законот воопшто ги гледа овие ситуации или чека да се случат па после тоа да дојдеме во ситуација да видиме што, како и зошто е направено сето ова, колку ќе има реперкусии врз граѓаните, колку ќе има реперкусии врз нашиот статус како кандидат или дали некогаш ќе стигнеме и до тој статус за членка во ЕУ, па ќе се прашуваме за прашалниците, дека ова е законот кој што не води во ЕУ, ако ние како што кажа претседателот со исклучоци стигнуваме во ЕУ, ќе бидеме уникатен пример во цел свет. Значи исклучок по исклучок ќе стане правило и веќе станува правило, сите исклучоци да станат правило, вие да ни донесете тука вакви закони кои вие самите ќе ги изгласате, а ние ќе бидеме ваши соучесници и на крајот на краиштата, граѓаните во Република Македонија, што ќе биде користа од сето ова што вие ги носите овие закони всушност за граѓаните на Република Македонија. Што со ова предлагате? Дали сте свесни што ќе се случи после ова и што може да се случи? Или вие немате гајле, сето ова некаде е договорено, вака треба да биде и ние тука ќе расправаме, ќе говориме, колку можеме ќе објаснуваме.. .

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, зборувајте за амандманот ве молам.

**Спиро Мавровски:** Зборувам за амандманот за членот 5. . .

**Љупчо Јордановски:** Не, малку отидовте пошироко.

**Спиро Мавровски:** Да, ама рековте за дигресијата и го оставивте господинот Макрадули пет минути за дигресија.

**Љупчо Јордановски:** Добро, првата дигресија заврши.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Првата дигресија ќе биде и последна дигресија, затоа што комплетно овој закон, ќе повторам, е само крпење на нешто што веќе е направено. Уште еднаш ќе ги повикам пратениците од позицијата конечно да сватат што се работи. Знам дека треба да се притисне зеленото копче, но во секој случај треба малку и размислување, ние да видиме што со овој закон носиме и посебно со овој член 5 како што е комплетно предложен.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Вреди ли, претседателе, да кажувам нешто плус од ова што го кажа прпатеникот?

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор господинот Стојановски, но бидејќи не е тука, има збор господинот Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас исто прашувам вреди ли воопшто да дискутираме овде за 50-тина амандмани, гледајќи го замениокт министер индиферентен, работата е однапред завршена, да се трошиме и да губиме време, а притоа немајќи слух од актуелната владеачка гарнитура. Маткањето со ЕУ, НАТО, дека ако го донесеме овој закон и законите кои следуваат дека се дел од Рамковниот договор воопшто. Се прашувам воопшто дали вреди да си го трошиме муабетот. Господине замениче министре, обрнете малку внимание, имате време за муабет.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, зборувајте по амандманот.

**Александар Флоровски:** Претседателе, кога дојдов поставив едно прашање. Дали вреди воопшто нашата дискусија, дали воопшто вредат нашите напори што ги вложуваме тука по пат на амандмани, дали воопшто вреди цел ден да мелеме овде, или да млатиме празна слама,притоа, да се нема желба да се сослуша што е тоа што го нуди опозицијата, аргументирано или не аргументирано. Претпоставувам дека аргументирано. Очигледно дека политичкиот дил е направен. Ние можеме до утре сабајле да си дрндаме, да пљампаме цел ден, вие да си ја терата вешата работа. Туак ќе ја пркинам дискусијата, затоа што господинот заменик додека ние говориме, тој гледа во левиот ќош горе. Ме потсетува на еден екс министер за внатрешни работи, господинот Фрчковски. Ние си зборувавме, тој си гледаше во ќошовите и на крајот си ја тера работата и си ја завршува онаму каде му беше замислена.

Сакам само на едно да ви свртам внимание дека сето ова бегло поминува на штета на македонскиот народ, на штета на македонската држава. Можеби на многу овде пратеници, Македонци не им е мило ова што го зборувам, минситерот гледам како слатко се потсмевнува и така полека достигнувате до целта што ја имате поставено.

За жал, состојбите се такви. Тука ќе прекинам ии ќе се јавам не по амандманите, претпоставувам по расправата по тесктот, каде што ќе ги сублимираме сите овие работи кога ќе ги говориме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски за вашата рационалност.

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе, навистина е многу тешко да се зборува ког аод другата страна се наидува на ѕид, буквален ѕид од кои што се одбиваат зборовите, ниту пак се има волја да се одговори на прашањата кои се псотавуваат. Но ќе бидам упорна уште еднаш да гокажам моето размислување по однос на членот 5 и посебно на алинејата 5 која што бараме да биде преиначена и со овој став членот 5, и со последната алинеја фактички, се заокружува целата на предлагачот, со широки и отворени дефиниции да се даде можност секаде и во секое време да се веат државните знамиња на Република Албанија и Република Турција, кои што во Република Македонија се употребуваат како етнички знамиња. Имавме можност да видиме како се одвиваат амандманите, секаде и во секое време да се веат знамињата по однос на празници каде што може секој сам од етничките заедници да си каже дека денес му е рпазник па може да си празнува и да се стават насекаде знамињата на етничките заедници, кои што претставуваат знамиња и на други држави, меѓутоа, со оваа алинеја се дава можност и при официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава да се веат напоредно со знамето на државата Република Македонија, која што го изразува суверенитетот на сите граѓани на Република Македонија, вклучувајќи ја и албанската етничка заедниц аи сите заедници во Република Македонија, да се вее уште едно знаме, знамето на етничката заедница кое веќе е и знаме на туѓа држава. Кој ќе биде впечатокот за претседателите или премиерите на странски држави, како суверени и овластени претставници, како што е овде дадено на Меѓународната заедница, ког ана територијата на Република Македонија, покрај државното знаме ќе ги пречекува и знамето на друга односно на туѓа држава, која што велите вие не е таа нејзина територија. Република Македонија е територија суверена на државата Република Македонија. Меѓутоа, знамето кое ќе го гледаат

пред нив е израз на суверeноста и територијалниот интегритет и на таа туѓа држава, чие што знаме се вее на територијата на Република Македонија и која што ги пречекува високите претставници на тааа држава претседателот или премиерот на таа странска држава. Незнам што ќе направи заменикот минстер, дали повторно само ќе се потсмевнува и ќе си молчи. Ако е така, тогаш нека ја испрати минситерката за правда неа да ја прашаме што ќе направи за да се одели кое знаме, знаме на етничката заедница, а кое знаме ќе биде знаме на туѓата држава, кога ќе дојде странски претседател, односно претседателот на Република Албанија и претседателот на Република Турција во посета на тие локални самоуправи, каде до државното знаме ќе биде и знамето на етничката заедница, кое е идентично со нивното државно знаме. Или пак уште колку други знамиња треба да бидат поставени за да се разграничи кое е знамето на етничката заедница, а кое е знамето на земјата чиј што претседател или премиер пристига на територијата на Република Македонија.

Тоа е многу важно дали сега ќе се каже еден метар или половина метар надолу или нагоре ќе биде поставено едното или другото знаме и тоа ќе означува демек, тоа е на етничката заедница, а тоа е на суверената држава. Токму би сакала да чујам кое е образложението за одбивање на овој амандман. Кое е образложението Меѓународната заедница да се поистовети, значи секој претставник овластен или суверен претставник на Меѓународна заедница, значи кога и да дојдат тие претставници, секогаш да се веат знамињата на етничките заедници, напоредно со знамето на Република Македонија. Како што идат секој ден претставници на Меѓународната заедница, на разни меѓународни организации, тогаш секој ден треба да бидат државни празници и секој ден да бидат истакнати знамињата на етничките заедници пред локалните сампуправи, пред државните објекти. Значи апсолутно, со целиот член 5 , не се остава буквално, ниту еден ден во годината кога не треба да бидат на јарболите во локалните самоуправи етничките знамиња на мнозинската заедница на локално ниво, меѓутоа, која што во исто време претставува државно знаме на туѓа држава. И уште еднаш повторно ќе повторам и барам одговор од заменикот министер, а не само да се потсмевнува, што ќе се направи за да се одели при доаѓање на посета на претставници од Република Албанија и од Република Турција високи претставници, како што овде е кажано претседател или премиер. Уште колку знамиња ќе се поставт на јарболите пред локалните самоуправи, пред државните институции, по улиците, за да се разграничи кое е знамето на етничката заедница, а кое е знамето на државата чии што суверен ја посетува локалната самоуправа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева. Точно е дека секој ден доаѓаат разни меѓународни претставници. Ние треба да направиме да не доаѓаат секој ден.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе, ние не зборуваме за недоаѓање на претставници на Меѓународната заедница. Со амандманот јасно е кажано дека треба да биде ајсно дефинирно кои претставници на меѓународни организации. Значи, премногу широко се толкува претставници на Меѓународната заедница. Значи било кој претставник кој што во име на некоја меѓународна организација доаѓа овде, без оглед на кое ниво, во секој момент знамињата на етничките заедници и државното знаме на Република Македонија треба да бидат истакнувани. Тоа е суштината на амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Ве сфаќам јас. Секако дека и мене ме сфативте што сакав да кажам.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљрвски:** Благодарам претседателе.

Наполно сум согласен дека употребената формулација во член 5, овластен претставник на Меѓународната заедница е сосема нејасна формулација и дека во таа насока, апсолутно го поддржувам поднесениот амандман.

Би сакал да кажам уште нешто. Со носењето на овој и ваков закон албанската етничка заедница во Република Македонија доби еден привелигиран статус, затоа што, да одговорам на прашањето на колегата Томиќ, на Ист Ривер пред зградата на Обединетите нации во Њујорк, покрај државното знаме на Република Македонија ќе се вее,односно се вее и знамето на албанската етничка заедница во Република Македонија, кое знаме е идентично со државното знаме на Република Албанија. Тоа понатаму значи дека ако во некоја меѓународна организација, асоцијација, каде што Република Македонија од свои принципиелни причини не би сакала да членува, а таму е зачленета Република Албанија, тоа значи дека пред државата на која и припаѓаат граѓаните на албанската етничка заедница, тие се зачлениле во таа меѓународна асоцијација и го истакнале своето знаме. Еве до какви апсурди може да доведе употребата на знаме, на туѓа држава во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, во насока на поддржување на овој амандман, сигурно нема да се усвои, меѓутоа, сепак, сакам да напоменам дека воопшто како член не требаше да се избрише, а камо ли сите овие амандмани што се поднесвуаат за измена на овој член. Значи, ако толку амандмани се поднесени и како член требаше да го избришеме од овој закон со намера воопшто уште во член 2, ако не се усвои тој амандман, сега, освен што ќе имаме дека во Македонија ќе има знаме на туѓа држава, со овој член ќе имаме во Република Македонија да се прославуваат и празници на туќа држава и сега

веќе со овој амандман што нема да се усвои ќе имаме при официјален пречек, однсоно официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава во единиците на локалната самоуправа, во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство, тој претседател навистина, нема да знае каде доаѓа, затоа што тој претседател ќе треба да се поклонува на две знамиња, а не на едно знаме од државата. Ако се прави некоја смотра при дочек свечен, затоа што така пишува официјално доаѓање на претседател. Замислете, ако тој претседател од друга држава ќе дојде во Струга како едно место кое што во летно време ги примаат официјалните претседатели или премиери на странска држава и тој кога ќе додје во Струга, претседател на странска држава, не ќе знае во која држава доаѓа, затоа што ќе треба да се поклони на две знамиња. На македонското знаме официјално наше државно, меѓутоа и на знаме на туѓа држава. Поготово ако дојде претседателот, или премиер со официјален пречек во Струга, тој ќе се поклони на две нгови знамиња и на едно наше, а камо ли што секаде, како што кажав има примери две албански, едно македонско знаме. Меѓутоа сега и поклонувањето и почеста спрема државата. Така да, ако веќе носиме закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија не требаше воопшто да се навлегува во овие случаи, поготово во член 5,каде што кажуваме во последниот став. Меѓутоа, ако веќе го утврдивме за време на празници во Република Македонија може да се истакнува и знамето на таа заедница, воопшто немаше потреба, значи, ако веќе зборуваем за празници да кажуваме дека треба и знамето на заедниците треба да се употребува и при пречек и при испраќање на претседател на Република Македонија и претседател на Владата и членови на Владата на Република Македонија, значи и тогаш треба да се псотави знаме. Што ќе се случи ако некој министер седи во тоа место. Значи секој ден треба да има знаме на заедницата, затоа што минситерот е од тоа место и затоа што секој ден од тоа место во Скопје, па го враќаат назад. Значи додека е министер треба тоа знаме да стои пред општината, затоа што тој е минситер од тој град. Поготово со официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава.

Ако одиме само за празници, дајте овој член да биде само за празници. Да не мешаме тука и официјални делегации и официјални посети на луѓе. Меѓутоа, очигледно овој закон е направен на секаде и во секое време да постои знаме на заедницата, а не навистина да биде само како обележје на заедницата што и ние како пратеничка група и како партија ВМРО-Народна воопшто немаме забелешка дека треба да постои такво знаме, меѓутоа, со знамиња на туѓи држави се доведуваме до такви апсурди. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклсика:** Благодарам претседателе, искрено бев мотивирана од вашата реплика, незнам веќе на кој пратеник или коментар бидејќи вашево не е повеќе реплика, туку е коментар. Морам да кажам по 148-ми пат дека овој закон и овој член 5 на кого имаше незнам колку амандмани со овој член 5 се сака да се изедначи знамето на една заедница со државното знаме. И по 148-ми пат ќе кажам дека формулациите кои се во алинеја 4 и во алинеја 5 се ресавска школа од членот 14 ставот 1, точки 2 и 3 од законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија. Арно ама, прилагодени на потребите на Албанците во Република Македонија. Сега вака како што е предложен членот 5, алинеја 5 при официјалното доаѓање на претседател, или премиер на странска држава, како и суверен претставник на Меѓународната заедница и она што го бараат коелгите со амандманот убаво звучи кога се мисли дека треба да дојде албанскиот претседател, албанскиот премиер, суверен, немаат сега за сега, меѓутоа, по таа потреба и аналогија тие го нарпавиле така и го предложиле во членот 5.

Јас да ве прашам нешто и вас и колегите пратеници, ако даде Господ да каже нешто и заменик министерот убаво ќе биде, дали во историјата некој памети некој шеик од Кувајт, како суверен на таа држава, дошол во Зајас на пример, или во Кичево, или во Струга. Дали на пример Герхард Шредер откако е премиер дошол во некоја друга општина,освен во главниот град на Република Македонија Скопје, освен при официјални посети кај претседателот на државата, премиерот и кај вас, се разбира почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Зошто сум трет?

**Марија Којзеклиска:** Затоа што сте трет по функција. Прв не можете да бидете и да сакате. Значи, дали некој се сеќава за ваков пример и сакам да ја кажам нелогичноста и небулозноста на ваквиот предлог на членот 4 и сите овие предложени алинеи, посебно двете последни. При пречек и испраќање на претседател, апослутно, непотребни. Целата оваа страна е дрим тим. Сонуваат и никако да ги разбудиме од сонот, 15 дена да зборуваме тука за овој закон, исто ќе му дојде. Можеби вака од време на време ќе ги размрдаме, па ќе гласат за амандманот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да гласаме по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 14 пратеника, 1 воздржан, 37 против.

Службите нека го утврдат бројот.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во времето на гласањето во салата беа присутни 69 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 точка 4, поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Претседателе, овој амандман кој го поднесов е ист амандман кој го поднесе Законодавно-правната комисија.

**Љупчо Јордановски:** Повлечете го господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Сакам да кажам само коментар.

Амандманот се однесува на член 5, точка 4 и на крајот од реченицата се додаваат зборовите: "и претседателот на Собранието". Што значи овој амандман?

Амандманот има за... молам за тишина претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам потивко, сака да го објасни амандманот господинот Витановски. Јас го молам да го повлече но тој сака да го објасни. Тој сака да го објасни, а на крајот ќе рече го повлекувам.

**Јанаќе Витановски:** Јас имам право да си го кажам својот збор, а ги молам колегите да бидат малку пострпливи и да слушнат.

Амандманот се поднесува од причини што е потребно и при пречек на претседателот на Собранието на Република Македонија во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани, припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа пред и во наведените објекти во членот 5 да се истакне знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница.

Значи при пречекот или испраќање на Претседателот на Република Македонија, претседателот и членови на Владата на Република Македонија, мојот амандман е и за претседателот на Собранието на Република Македонија. Тоа е суштината на амандманот, мислам дека тоа треба да биде за претседателот на Собранието на Република Македонија.

Амандманот е ист со амандманот на ЗПК и овој амандман таму го прифати претставникот и е составен дел на законот и јас го повлекувам амандманот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јанаќе, јас ви се извинувам госпоѓо Којзеклиска што рековте дека сум трет по ред, благодарам, овој амандман тоа го потврдува.

Амандманот е повлечен.

Со оглед на тоа што амандманот на член 6 став 1 и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска и амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев кои се точки 25 и 28 од списокот на амандманите по кои се води претрес, а се однесуваат на исто прашање, предлагам по нив да водиме заеднички претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив поодделно.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 45 пратеника, 42 за, нема воздржани, 3 против.

Службите нека го утврдат бројот, иако имам информација дека се 66, сепак нека го утврдат бројот.

Во салата беа присутни 67 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, усвоивме заеднички да се дискутираат, внимавајте, ве молам, јас ја водам седницата, бидете потивки, сега ќе прочитам што ќе дискутираме и што сме споиле.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, и за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска, и по амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Субхи Јакупи:** Амандманите не се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Амандманите не се прифатени, повелете госпоѓо Којзеклиска.

Не ве инспирирав јас, претпоставувам.

**Марија Којзеклиска:** Е, инспирирана сум одамна од заменик министерот и затоа се пријавив за збор.

Значи, во членот 6, заради тоа што завршивме со членот 5, преминуваме на членот 6 се вели: "во единиците на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа, согласно членот 2 од овој закон, можат да се истакнат знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница. Алинеја 1 при меѓународни средби, натпревари и други собири, политички, научни, културно-уметнички, спортски и други на кои единицата на локалната самоуправа е организатор, учествува или е презентирана во согласност со правилата и практиката на одржување на тие собири и при прослави, свечености и други политички, културни, спортски и други манифестации кои се од значење на единицата на локалната самоуправа, ставот 2 вели во случаите од став 1 на овој член знамињата се истакнуваат

истовремено пред и во објектите во кои се одржуваат средби, натпревари и собири, прослави, свечености и манифестации.

Значи, јас овој амаднман барам зборовите "можат да се истакнат знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница", да бидат заменети со зборовите: "покрај знамето на Република Македонија како облигаторен дел, може да се истакне и знамето на таа заедница".

Истовремено барам со овој амандман да се брише ставот 2.

Образложението по однос на овој амандман повторно упатува на членот 15 од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија во кој, како што реков пред малку кога говорев за последниот амамднам, дека се врши само препишување на точка 3 од членот 15 во кој се вели, она што се вели во алинеја 1 при меѓународните средби, натпревари и други собири политички, научни, културно-уметнички, спортски и други на кои Република Македонија учествува или е презентирана во согласност со правилата и практиката на одржување на тие собири.

Да ви кажам искрено претседателе, уште на почетокот зборував дека е дискутабилна потребата за постоење на ваков закон за употреба на знамињата на заедниците коа претходно нема закон за знамињата на заедниците, меѓутоа, симптоматично во целата оваа одредба од членот 6, ако веќе Владата препишувала од законот (галама во салата), се извинувам, да излезам на говорница па можеби ако ме гледаат колегите и ќе ме слушаат.

**Љупчо Јордановски:** Не, вие дадовте еден атрибут ѕид, па спрема тоа, продолжете.

**Марија Којзеклиска:** Да заборавив. Тоа што го реков е во контекст на вашиот сон, што никогаш нема да биде исполнето.

Не знам зошто Владата не го стави, ако веќе го препишува од Законот за грбот, знамето и химната, ставот 2 во просториите во кои се гласа, училници, обредни сали, простории за состаноци и слично. Зошто Владата не најде за сходно или не најде потребно да го стави или да го вметне овој став во некој од членовите. Можеби заради континуитет секаде каде што има гласање до сега во албанските општини се вееше само албанското знаме, македонско не видов, искрено да ви кажам, од 1990 година наваму.

Ова што се однесува на ставот 2 во кој барам она што заборавиле претставниците на Владата да го стават во ставот 1 го ставиле во ставот 2 пред и во објектите. Тоа мора да го потенцираат, тоа е многу важно, од животна важност знамињата да се истакнуваат пред и во објектите во кои се одржуваат средби, натпревари, собири, прослави, свечености и манифестации.

Втора работа, во истиот закон има казнени одредби во членот 11 во кој се вели "со парична казна од 30.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице кое постапува спротивно на одредбите на овој закон. Ако ова се спореди со алинеја 1 всушност членот 6 каде се работи за единици на локална самоуправа, алинеја 1 вели при меѓународни средби, натпревари и други собири, политички, научни, културно-уметнички и спортски кај единицата на локалната самоуправа е организатор, учествува и е презентирана, по аналогија на нештата треба да биде казнета локалната самоуправа затоа што не постапувала согласно членот 6 од вака предложениот закон, се разбира ако не се усвои овој амандман.

Уште нешто да прашам или да констатирам, бидејќи на прашање нема одговор, да констатирам при меѓународни средби на пример или меѓународни натпревари, што ќе ги спречува претставниците на заедниците да не го истакнат знамето на Република Македонија или поточно да си го истакнат само знамето на заедницата.Со ваква формулација затоа што не е облигаторно можат, не мораат, значи при меѓународни средби, при меѓународни натпревари, при научни, културно-уметнички, спортски и други натпревари во кои таа единица е организатор, презентер или учествува, значи можат да си го истакнат само знамето на заедницата кое знаеме милион пати до сега беше кажано од колегите дека тоа ќе биде знаме на Албанија.

Јас знам дека ве чешаат ушите на тој термин, ама што да правам, до крајот на оваа расправа јас тоа ќе го кажувам дека тоа ќе биде знаме на туѓа држава во конкретен случај Албанија и не знам како ќе се чувствувате вие во таа единица на локална самоуправа кога само ќе поминете ќе нема да знаете во која земја се наоѓата, дали сте во Албанија или Македонија што во крајна линија е интенцијата на целиот текст од Предлогот на законот. Благодрам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Најпрвин ќе морам да ве опоменам да повикате на мир и тишина во салата затоа што очигледно некој почна да слави по однос на законот, но нема услови за работа. Навистина премногу се галами.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски имаше уште полоши случаи, па завршивме работа, тоа не е проблем. Причекајте малку ќе се смират, ве молам за тишина.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, тоа што имало не значи дека ве оправдува да не повикате на ред.

**Љупчо Јордановски:** Еве ги повикувам, ве мопам потивко. Бидејќи не може тотална тишина ги повикувам потивко.

**Жарко Караџоски:** Доколку е атмосферата ваква и продолжи да биде таква, ќе го замолам координаторот да побара 1 час пауза нека ја прослави парламентарното мнозинство, па да почнеме да работиме. Јас ќе чекам додека не се смират, навистина немаме концентрација. Ако е ова несериозна работа, а јас сметам дека е

сериозна, ако сме му некому досадни нека излезе од салата.

**Љупчо Јордановски:** Дали може вака да се договориме. Ја молам позицијата да биде примерно тивка за да можеме да се слушнеме, но исто и опозицијата да не дофрлува  и на своите излагачи, бидејќи има и таков пример, па не сум опоменувал.

Мислам дека сега се создадени услови, продолжете.

**Жарко Караџоски:** Кога се дискутира за членот 6 и амандманите на членот 6 не знам зошто крајно несериозна атмосфера.

Овој член и амандманите се крајно сериозни, сега ќе се потрудам да објаснам да видите дека е навистина сериозна работата, не е ниту за смеење, ниту за веселење.

Најпрвин ќе го прочитам целиот член за да оној кој го нема читано законот, да го разбере. Тој гласи вака:

Во единиците на локалната самоуправа во која живеат граѓани, припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа, согласно членот 2 од овој закон можат, го потенцирам зборот можат да си го истакнат знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница и алинеја 1 вели: при меѓународни средби, натпревари, други собири и така натаму, алинеја 2 при прослави, свечености и други манифестации.

Зошто почитувани колеги, претседателе, го потенцирам зборот можат? Затоа што во превод може значи и не мора. Сега, кога нешто не мора, ние сме таков народ или граѓани на оваа држава тоа што мора не го правиме, а камо ли тоа што не мора. Во превод овој член значи,може да значи не мора и бидете сигурни во тоа кога нешто значи не мора, нема ни да има знаме на Република Македонија.

Сега ќе ви потенцирам нешто друго. Реченицата гласи можат да се истакнат знамето на Република Македонија и се одвојува со сврзник "и" знамето на таа заедница. Што значи дека истата судбина со знамето на Република Македонија не ја влече и знамето на таа заедница.

Значи, постои алтернатива, има можност и едното и другото или едното а не другото или ни двете, при меѓународни средби, внимавајте, при меѓународни средби постои можност. Значи не ви дава за право, не ви дава задолжително да го истакнете, туку може. Ако  е тоа меѓународна средба. Во единица на локална самоуправа каде што 50 и над 50% се Албанци игра Република Македонија, да речеме во Тетово, со не знам која држава, вие може да истакнете и знаме на Република Македонија. До колку сакате. Не мора. Ама, може да има албанско, со оглед на тоа што е тоа знаме на етничката заедница и ќе се истакне едно такво албанско, па ќе игра Албанија со Албанија. Нормално, ќе се прават забуни. Значи, токму тука е суштината.

Што предлагаат амандманите?

Амандманот на госпоѓа Којзеклиска предлага да покрај знамето на Република Македонија, значи зборовите "покрај знамето на Република Македонија" тие се облигаторни. Тоа значи дека знамето на Република Македонија мора да биде истакнато при сите овие ситуации што не сакам да ги набројувам 100 пати. Значи, покрај него да може да се истакне и знаме на етничката заедница, што е веќе факултативно, што значи не мора. Ако сакаат, нека си го истакнат. Ако чувствуваат потреба дека не сакаат, не мора. Но, при една меѓународна средба, без разлика дали е спортска, културна или не знам каква, политичка, научна, да не се истакне знаме и да "може" да се истакне знаме на Република Македонија како држава е чист апсурд.

Што предлага госпоѓата Бонева, господинот Китаноски и господинот Манев? Тие одат во една слична форма и малку повеќе го конктетизираат овој член. Кај зборовите "знамето на таа заедница", би се замениле со "доколку се истакне знамето на таа заедница". Значи, уште поконкретно. Значи "доколку се истакне знамето на таа заедница", задолжително се истакнува и знамето на Република Македонија. Ова е неприфатливо за Владата на Република Македонија чиј претставник овде онеме.

Како можете, да бидете крајно несериозни овде сите, ве слушам галамите, се смеете, еден ваков амандман што кажува "доколку се истакне знамето на таа заедница", еве, да не ја спомнуваме албанската, ако некој се паничи кога се спомнува, значи "покрај знамето на таа заедница, задолжително се истакнува и знамето на Република Македонија" во следните случаи "при меѓународни средби, натпревари и други собири, политички" да не редам се. И ова е неприфатливо? Па за што ние зборуваме! Што се трудиме да објасниме цело време овде! И, некој ни кажува дека ние сме тие кои зборуваме глупости и демагогии.

Па, зарем не ви е јасна позицијата и целта на овој закон?! Зарем не ви е јасно дека албанската, особено албанската етника заедница оди во оној правец што го зацртала одамна?! Еве, ќе дојде таа ситуација. Очигледно е, како се однесува парламентарното мнозинство и Владата, очигледно дека ќе дојде. Ќе се случат вакви, какви што се случуваат манифестации, меѓународни средби. Ќе видите кога ќе се вее македонското знаме, со една ваква одредба што вели "може да се истакне"?! Никогаш! Може - не мора никогаш нема да го видите државното знаме, иако некој овде се колне, сега ќе го видите допрва. До сега не сме го виделе, а од сега ич.

Според тоа, навистина нелогични работи. Навистина човек мора да зборува малку вака поемотивно или не знам како, за да, не знам што да направиме, ве убедиле дека ова е, ајде да не зборуваме за сите, ако можеби некој смета дека не сум во право, но ваков амандман, доколку се истакне знамето на таа заедница, задолжително

да се истакне и знамето на Република Македонија. Уплав некого фаќа ако се истакне знамето на Република Македонија во сопствената, суверена, унитарна, независна заедница. Не знам како да ја наречам.

Во што е прашањето? Во што е проблемот? Цело време расправаме со заменик министерот. Немаме ниту еден претставник од Владата. Не се почувствуваа од Владата за една ваква работа. Ајде, да не ја спомнувам само министерката. Јасно ми е веќе зошто не доаѓа. Многу ми е јасно. Сигурно и нејзе. На овие овде не знам колку им е јасно. Но, да го нема ни премиерот, ни никој друг, при една ваква важна материја, знаете зошто не се појавуваат, при едни вакви одредби им е срам, небулозни одредби. Токму такви. Срам му е да каже -не го прифаќам овој амандман. На заменикот не му е срам, тој си ја гледа политичката опција од која седнал, да ја оствари онаа кауза поради која што се прифатил да биде заменик министер.

Но, мене, како Македонец и на многу други, не само јас како пратеник, туку и многу други овде пратеници кои се Македонци не им е се едно што ќе влезе во овој закон и не им е се едно за ваков амандман да кажат да гласаат против. Баш би сакал да ги видам, а ќе ги видам со какво лице ќе го стиснат копчето против еден ваков амандман,ајде, од госпоѓата Којзеклиска можеби е понејасен, но особено еден ваков амандман од Бонева, од Китаноски и од Манев, што е многу поконкретен.

Затоа, ние, почитуван потпретседателе, почитувани колеги, во многу наврати кажавме, ние ќе се трудиме навистина со аргументи, не само со празни глави да искажеме дека навистина, па јас и во ЗПК и овде кажав, да не се изразам толку грубо, но ме иритира да кажам, значи погрд текст на закон не сум видел. Ајде да неречам поглупав. Толку празнини, толку грешки, толку, не знам како да се изразам, одредби не сум видел. Еве, правник сум толку време, сум учел, сум студирал, ме уеле на нешто. Ама, очигледно дека некој друг не научил.

И, ако треба некаква цел да се постигне за некого, барем нека личи ова на закон.

Од сите овие причини што ги наведов, почитувани колеги од парламентарното мнозинство размислете кога ќе го притискате копчето за овој амандман. Ако е срамно, ако е страшно да се вее знамето на Република Македонија покрај знамето на етничката заедница при едни вакви состојби, тогаш гласајте против. Меѓутоа, не знам одговрноста на кого ќе припадне.

Благодарам.

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Дали има пријавени за реплика?

Господинот Јашари Аднан е пријавен за реплика.

Повелете господине Јашари имате три минути реплика.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател.

Да ви кажам право, иако одлучив да не реплицирам, сепак дезинформации од овој тип, повторно ме обврзаа да излезам и да ја кажам вистината за тоа што содржи текстот на овој предлог.

Господине Караџоски, начинот на употребата на знамето е регулирана во членот 8, а не во членот 6. Отворете го текстот на законот и гледајте малку пред вас, видете за што се работи.

Второ, членот 6, не е вистина дека вели така како што велите вие. Затоа што во ниту еден дел, во ниту една одредба не пишува дека знамето на етничките заедници може да се употребува надвор или без употребата на државното знаме или на Република Македонија.

Навистина не можам да разберам како може, правник, кој сепак има искуство и како правник и како пратеник да може да искажува вакви невистини.

Заради јавноста, ќе кажам дека во членот 6, алинеја 1 или став 1, меѓу другото се кажува вака:

"Може да се употребува знамето на Република Македонија и знамето на заедницата". Во ниту еден дел, ќе повторам, не е така како што велите вие претходно. Навистина, во овој момент кога расправаме за прашања како што е овој текст или овој закон не е добро да се пласираат вакви дезинформации.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Една минута контра реплика за господинот пратеник Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Јашари, навистина да знаев албански ќе ви го преведев или ќе го кажев зборот "може" како би бил на албански, со оглед дека очигледно не го разбирате на македонски. Може и мора не е исто. Колку и да се убедуваме и сами го потенцирате овде цело време "може да се употребува", "може да се употребува". Тоа може не значи мора.

Амандманите се со облигаторна природа. Мора да се употребува. Тука е разликата. За тоа зборувам. Не е никаква демагогија тоа што го зборувам. Демагогија е тоа што вие го кажувате.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се обидоа и со амандманот на членот 6, на ставот 1 да обезбедат употреба на знамето на

нашата држава, Република Македонија и во локалните самоуправи каде што имаме мнозинство од етничките заедници кои имаат право да ги истакнуваат своите симболи, односно своите етнички знамиња, што во моментов се идентични со знамиња на туѓи држави.

Идентично како и во ленот 5, каде што баравме задолжително, задолжително да се истакнува знамето на Република Македонија и кој што нормално, како и сите амандмани до сега беа и тој амандман беше одбиен, еве сега, освен тоа што од заменикот министер за правда слушнавме дека не го прифаќа амандманот, ниаккво друго образложение. И повторно јас ќе ја повикам министерката за правда да даде образложение пред пратениците и пред македонската јавност, која е тенденцијата да се стави одредба во законот каде што се зборува за можност да се истакне знамето на Република Македонија понатаму да се даде можност и знамето на таа заедница да се истакнува, односно да се остави простор за слободно толкување кој како сака, дали ќе го употреби или нема да го употреби државбното знаме на Република Македонија, по можност да го истакнува знамето на етничката заедница. Фактички, тоа значи легализирање на досегашната пракса.

Во сите наведени случа, при меѓународни средби, натпревари и други собири, и тоа политички собири, научни, културно-уметнички, спортски и други, на кои што единицата на локалната самоуправа е организатор, учествува и ја презентира, понатаму при прослави, свечености или политички, културни, спортски и слични манифестации може да се истакне знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница. И, за сите вас тоа е нормална работа и за министерката за правда тоа е нормална работа, дека може, ама не мора да се истакнува знамето на државата Република Македонија.

Неколку пати до сега пставив прашање која е тенденцијата за проширување на Рамковнот договор, која е тенденцијата за давање можност, отворена можност, кој како сака да празнува во држават Република Македонија, која е тенденцијата да при пречекот и испраќање на претседател на Република Македонија, на претседателот и членовите на Владата да се пречекуваат како претставници од некоја друга држава или како претставници од друга република при една федерација? Значи, сите овие прашања останаа без никаков одговор. Затоа, повторно упатувам прашање, не до заменик министерот за правда, туку до министерката за правда и до Владата да дадат одговор пред македонската јавност кому му пречи државното знаме на Република Македонија и зошто се бега од облигаторноста на амандманите што ги даваме. Бараме само задолжителна употреба на државното знаме на Република Македонија, Што е тоа толку страшно?

Нешто, што воопшто не помислувавме дека е има отпор од било кого, тоа е задолжителноста на употребата на државното знаме. Не да велиме - ние секако ќе го употребуваме, туку да го напишеме тоа дека е задолжително, за да може подоцна да се применуваат санкции за оние кои го прекршуваат законот. Вака, никој за ништо нема да одговара, кога нема воопшто да се гледа државното знаме на Република Македонија во оние општини каде што мнозинство се етничките заедници и каде ќе го употребуваат сопственото знаме, што истовремено е и државно знаме на други држави. Да не зборуваме што воопшто во законот никаде, со ниту еден член не е дефинирано политичкото собирање и најмасовнат аупотреба на знамиња на тиѓи држави, што во моментов се и знамиња на етнички заедници, како да се регулира тоа, бидејќи тоа не е ниту во сферата на јавното, ниту во сферата на службеното, ниту во сферата на приватното право. На приватната употреба. Значи, тука треба многу сериозно да се види, каде што се кажува "исто така и при политички собири", која порака ќе се прати, кога ќе се соберат повеќе илјадници граѓани, претставници на етничката заедница што е мнозинска и ќе ги истакне знамињата што го изразуваат нејзиниот идентитет, меѓутоа се знамиња на друга држава. Што ќе значи тоа за државата Република Македонија?

Токму заради овие нешта бараме во овој амандман, со овој амандман да се стави задолжителна употреба на знамето на државата Република Македонија. Не може локалната самоуправада биде организатор на меѓународни средби, а да не мора да го истакне знамето на државата Република Македонија. Тоа е навистина, не знам која е тенденцијата, може само да погодуваме додека не слушнеме отворено, повторно ќе кажам од премиерот и од министерката за правда што значи тоа.

Ако имаме меѓународна средба помеѓу Република Македонија и, да не ја зборувам постојано Република Албанија, еве ќе кажам пример, со Република Турција и кога ќе биде истакнато знамето на турската етничка заедница, а го нема знамето на државата Република Македонија, која порака ние ја праќаме пред сите претставници кои ќе бидат присутни од страна на Меѓународната заедница. Истото е и со знамето, државното знаме на Република Албанија.

Не знам по кој пат треба тоа да го повториме, не знам што уште треба да кажеме за да сфатат колегите пратеници дека апсолутно амандманот не е злонамерен што го дадовме и на членот 5 и на членот 6, што бараме само задолжителна употреба на државното знаме, на нашата држава Република Македонија,

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Господинот заменик министер се јавува за реплика.

Кој друг се пријавува за реплика? Господинот Апостоловски е пријавен за реплика.

Прв на ред е господинот заменик министер Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Ја сфаќам опозицијата, меѓутоа мислам дека треба контрусктивно да делуваме, а не деструктивно. Овде, членот 6 е многу јасен. Пратеникот Аднан Јашари многу децидно и јасно кажа. Или не сакаме да ги сфатиме работите или сакаме, како што реков, деструктивно да делуваме.

Овде не значи дека, го има регулирано во приватниот живт. Не е тоа што се кажа, бидејќи овде, ако е учесник и организатор општината, тогаш се знае како треба да се употребуваат знамињата. Тоа го уредува членот 8 и многу е јасно.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине заменик министер.

Госпоѓо Бонева, една минута контра реплика, повелете.

**Силвана Бонева:** Цело време дејствуваме конструктивно и се обидуваме аргументите што сметаме дака се многу сериозни да допрат до претставниците на парламентарното мнозинство и претставниците на Владата. Меѓутоа, повторно ништо не добивме од прозборувањето на господинот заменик министер.

Тој ни кажува дека господинот Јашари го спомнал член 8 и дека таму многу јасно било кажано кога локалната самоправа ќе организира нешто, дека задолжително се употребува македонското знаме.

Само заради македонската јавност, бидејќи гледам дека веќе парламентарното мнозинство апсолутно нема расположение да слушне што е тоа што го зборуваме, ќе кажам дека во членот 8 се вели "кога знамето на Република Македонија е истакнато заедно со знамето на заедницата" и се кажува како, од лево или од десно стои знамето на Република Македонија. Овде не се зборува за задолжителност на употребата на знамето.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете, има збор господинот Апостоловски Никола, реплика три минути.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе.

На колешката Бонева прво сакам да и укажам една работа.

Кога се подготвувала да го поднесува амандманот, требала да го прочита и Законот за знамето на Република Македонија. Очигледно го нема прочитано членот 15 од Законот за знамето на Република Македонија каде е точно дефинирана употребата на знамето на Република Македонија. Ќе го прочитам ставот 1:

"Знамето на Република Македонија може да се истакне" па се набројуваат, во точката 3, односно точката 3 од Законот за знамето е целосно преземена и вградена во членот 6.

Точката 4 е исто така преземена, место "манифестација од значење за Република Македонија", стана, "манифестации од значење на локалната самоуправа".

Дури, за мене, не би требало во членот 6 да стои знамето на Република Македонија, бидејќи е дефинирано во Закон за знамето на Република Македонија. Тоа е работата.

Ние од позицијата, добро ја следиме опозицијата во што не убедува. Сега само ги комплицираме работите и ги дуплираме работите.

Значи, преземено е, "може", како пишува во Законот за знамето на Република Македонија, целосно е преземено. Таму пишува "може". Преземено е од ставот 1 точката 3.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостоловски.

Една минута контра реплика пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега ,

Членот 15 став 3 од Законот за знамиња односно законот за употреба на грботм знамето и химната на Република Македонија, многу јасно стои дека "при меѓународни натпревари и други собири на кои Република Македонија учествува или е презентирана во согласност со правилата и практиката на одржување на тие собири, се истакнува знамето на Република Македонија". Меѓутоа, овде имаме меѓународни собири на кои што организатор е локалната самоуправа и сега ја утврдуваме со закон употребата и на знамињата на етничките заедници, меѓутоа и задолжителната употреба во кои случаи се употребува знамето на Република Македонија. Токму заради тоа воопшто ништо не штети да се нагласи задолжителната употреба на државното знаме согласно со законот за употреба на знаме, грб и химна на Република Македонија и тоа да биде внесено во овој закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Бонева.

Има збор пратеникот Ѓорчев Марјан.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев.** Почитуван господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

После усвојувањето на текстот, потребата од текстот на законот за употреба на знамињата на припадниците на заедниците во Република Македонија, во кој што парламентарното мнозинство изврши негација на граѓанскиот карактер на Уставот на Република Македонија сега сите овие амандмани се со дефанзивен карактер и според мене се состојат во тоа, државјаните на Република Македонија и граѓаните кои се идентификуваат со таа држава, кои што се идентификуваат со знамето, грбот и химната на македонската држава да се изборат "со право" да го истакнуваат своето знаме, покрај

знамињата на заедниците на ниво на локалната самоуправа.

Да се потсетиме што е елементарн одостоинство на сите нас во овој Парламент. Ние сме сите, пред се, државјани на Република Македонија и припаѓаме на државата Република Македонија и живееме на нејзина територија. Тука, тоа примарно. Во секој член, независно дали било закон за знаме член 15 или други закони, треба да стои вклучително и тука "покрај знамето на Република Македонија , може да се истакнат, значи, покрај знамето кое што е примарно и кое што ја одразува државноста на Република Македонија и барем малку елементарно достоинство на сите граѓани. Ние можеме со овој текст да ги поткопаме темелите на граѓанскиот поредок во Република Македонија, ама не можеме да го урнеме колку и да сакаме, затоа што оваа држава ќе опстои. Според тоа, целта е многу јасна. Со овој амандман се постигнува она што е примарно, се афирмира знамето на Република Македонија како примарен атрибут, како симбол кој што е потенциран на секоја педа од македонската земја, македонската државност на државата Република Македонија. Затоа што, сите ние тука живееме во оваа држава, сите сме граѓани, државјани на Република Македонија и мора тоа да биде така. Ако биде поинаку може, тогаш може да користите македонски пасош, ама може и не може, почитувани господа пратеници. Може да плаќате струја, може и да не може да плаќате струја, меѓутоа, факт е дека оваа држава, нејзините симболи се македонското државно знаме и, македонската химна и македонскиот државен грб. И тоа мора да се почитува. Покрај тоа следуваат другите права и обврски. Така е секаде во светот, така мора да биде и во Република Македонија. Затоа овој амандман е исправен, затоа што иако е во дефанзива, го потенцира граѓанскиот карактер на Република Македонија и барем малку кажува дека оваа држава изворот на суверeноста се граѓаните на Република Македонија.

Во тој контекст е бришењето на став 2, кој има иста димензија дека единиците на локалната самоуправа не се национални колективитети, тие се територијална организација на граѓаните во одреден регион, подрачје кое што географски или климатски да речеме соодветствува на потребите на граѓаните кои живеат на тоа подрачје. Не се работи тука на изразување на национален идентитет кога единиците на локална самоуправа организираат свечености, прослави и други манифестации, кои што се од значење на единицата на локална самоуправа и таму имаме знаме на единицата на локална самоуправа итоа знаме се вее исто така, покрај знамето на Република Македонија, иако во член 8 тоа е уредено, но што ни пречи во сите членови на овој закон да кажеме кое е примарно знаме што ја изразува целокупната наша припадност кон оваа држава Република Македонија , независно на која заедница, на етничка заедница припаѓаат граѓаните на Република Македонија. Во тој контекст овој амандман е природен, тој е во склад со Уставот на Република Македонија, овој е корисен амандман.

Затоа, јас ќе го подржам и пратеничката група на Земјоделската народна партија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев, има збор господинот пратеникот Краљевски Чедомир.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Крањевски:** Благодарам господине потпретседателе .

Членот 6 регулира ситуации кога во единиците за локална самоуправа каде што во мнозинство, односно 50% плус 1 жовеат претставници на одредена етничка заедница во Република Македонија , кога при меѓународни средби, при прослави или свечености итн, што се од значење на единицата на локалната самоуправа односно од значење на таа конкретна општина ќе се истакнуваат т.е. на каков начин во такви случаи ќе се употребуваат знамињата на државата Република Македонија и знамето на одредената етничка заедница, која е мнозинство во таа општина.

Членот 6 можеби имал добра намера, можеби регулацијата на употребата на државото знаме на Република Македонија со членот 6 е во ред, меѓутоа членот 6 истовремено крие и една опасност за оние што утре одкако Парламентарното мнозинство ќе го донесе овој закон претпоставувам, ќе го применуваат овој закон. Во што се состои таа опасност? Таа опасност се состои во една игра на зборови која може да доведе на оние кои што ќе го применуваат овој закон, а тоа ќе бидат пред се најверојатно раководителите на таквите институции, како што се домови на култура итн, каде што би се одржувале овие меѓународни средби од локален карактер, да ги доведе тие луѓе во една свесна, или можеби несвесна, но и во свесна заблуда да го толкуваат членот 6 и прит ота од нивното толкување да произлезе употреба односно истакнување само на знамето на етничката заедница која е во мнозинство во таа општина. На кој начин доаѓам до ваков заклучок? Ставот 1 на членот 6 вели дека во единицата на локална самоуправа , каде што во мнозинство е одредена етничка заедница , можат да се истакнат знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница. Под ова се подразбира дека зборот "може" остава простор на избор да се истакне или само знамето на Република Македонија или само знамето на етничката заедница. Тука не произлегува од оваа формулација и употребениот збор "можат" облигаторно истакнување на двете знамиња. Интенцијата ако била таква, ако била искрена намерата на понудувачот на овој предлог закон, ако се истакен знамето на одредена етничка заедница истовремено да биде облигаторно да се истакнува и знамето на државата и ако со ставот 2 би сакало тоа да се потенцира , сепак, ги доведува во заблуда применувачите утре на овој

закон. Тоа е така, затоа што во стоаво 2, во случаите од став 1, знамињата се истакнуваат истовремено, употребениот збор "истовремено", не упатува на истовремена употреба и на знамето на Република Македонија и на знамето на одредената етничка заедница, туку зборот "истовремено" упатува односно го детерминирам местото каде што истовремено би биле истакнати знамињата. А, тоа место е пред и во објектите во кои што се одржуваат средбите, натпреварите итн. Значи, во контектс на ставот 1 ако само се избере можноста да се истакне само знамето на одредената етничка заедница, тогаш употребениот збор "истовремено" кажува дека тоа знаме на таа етничка заедница истовремено ќе се истакне и пред објектот и во објектот. Тоа не значи дека истовремено ќе се истакнат и знамето на Република Македонија и знамето на етничката заедница. Ваквата формулација можеби не крие одредена перфидност како да се истакне само знамето на етничката заедница, а да се избегне истакнувањето на државното знаме на Република Македонија . Можеби тоа не била интенцијата на законодавецот, но вака како што е формулирано во овој член 6, дава можност на таква злоупотреба на интенцијата на законодавецот да се истакнуваат во исто време и двете знамиња. За да се избегне ваквата можност за заблуда кај оној што ќе го применува овој закон, конкретно овој член 6, зошто наједноставно не се прифатат амандманите односно апелирам да се прифати амандманот на подносителите, каде што облигаторно се избегнува оваа нејаснотија која што стои во член 6 и како што е дадена во Предлог законот и облигаторно кажува дека се употребуваат и двете знамиња истовремено кога ќе се избере можноста да се употребат. Може да не се употребува ниту едното, ниту другото. Таква можност остава овој член ставот 1. Меѓутоа, акко веќе се избере можноста да се употребува знамето, тогаш облигаторно ќе се употребуваат и двете, пред се, државното знаме на Република Македонија , како што рече претходниот говорник Марјан Ѓорчев, кое го изразува суверенитето на сите граѓани на Република Македонија . Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Три минути реплика за господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Ние можеме во секој став, во секој член, изразувајќи сомничавост да бараме причина за да го дадеме своето мислење. Она што јас можам да го кажам или како јас го читам ова, па нека оцени јавноста. Се сложувам дека примарен атрибут е државното знаме и затоа тоа се дефинира со законот за државното знаме или симболите, знамето, грбот и химната. Овој закон се однесува за употреба на знамињата на заедниците. Значи, една нормираност што постои за државното знаме , ова е закон што ја регулира употребата на знамето на заедниците. Членот 6 повторно и покрај тоа примат му дава на државното знаме, бидејќи во ставот 1 пишува дека може да се истакне и прво и затоа го наведува предлагачот знамето на Република Македонија и потоа го користи сврникот "и" , двете треба да бидат исполнети и тоа знамето на Република Македонија и кумулативно знамето на таа заедница. Затоа, во ставот 2 пишува знамињата се истакнуваат истовремено, асоцирајќи дека се однесува на знамињата на Република Македонија и знамето на таа заедница од ставот 1. Во секој закон можеме да кажеме дека може да дојде до злоупотреба, но тоа законот не треба превиди. Тој има дурти санкции што се грижат за тоа, но овој член од законот нормира употреба на знамињата на заедницата и ставот 1 апсолутно е кумулативен , користејќи го тој сврзник "и". Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Господинот Краљевски има една минута реплика.

**Чедомир Краљевски:** Јас на почетокот кажав дека не се сомневам во добрите намери на предлагачот на законот да се употребуваат истовремено и државното знаме и знамето на етничката заедница која е во мнозинство во таа општина. Меѓутоа, сепак, како што е дадена формулацијата на овој член, за да се избегне такво слободно толкување на овие што непосредно ќе го применуваат овој закон , а тие луѓе не мора да бидат ни правници по струка, па и да се правници по струка, сепак , остава простор за лошо толкување или злоупотреба. Зошто тој проблем едноставно не го решиме со прифаќањето на амандманот на предлагачите, каде што стои децидно јасно и гласно дека до колку се истакне знамето на таа заедница, задолжително се истакнува и знамето на Република Македонија. Со тоа проблемот е решен, ништо нема лошо во овој амандман. Ако сакаме веќе таа намера да ја потврдиме, тогаш да го прифатиме амандманот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Има збор пратеникот Флоровски Александар.

**Александар Флоровски:** Не можев а да не одолеам на говорот на заменикот министер, затоа што реков дека нема да излегувам по амандманите , но приморан сум од едноставна причина, затоа што господинот Јани Макрадули се јавува во функција на адвокат на заменикот министер, а тој упорно и мудро си молчи. Да, можете да зборувате, а не да браните ставови владини, има кој да ги брани овде.

Господине замениче, не може да не сватите во функција на вашето излегување овде или вашето излагање од едноставна причина, не можете да не сватите, затоа што не сакате да не сватите. Што е нашата битка и што е нашата борба овде на Парламентарната говорница.

Прво, ова што го нудите комплетниот закон, според моето видувае, иако не сум правник е тотално амантерски. Ако сакавте некои работи да ги замаскирате, можевте многу поумешно и

попаметно да ги направите, но ги работите така набрзина што и обичен лаик кој нема никакво познавање од правото, ќе ги свати замките кои се поставени во овие 12 члена, од кои барем 50% се спорни. И кога некој ме напаѓа, човечки е и условен рефлекс на самиот човек е да се брани. Конкретно говорам за овој закон. Значи, не не сваќате од едноставна причина што не саката да не сватите и што имате јасна поставена цел, да го постигнете она што ви е политички испрограмирано и договорено. Не дека не можете да не сватите, вие сте доволно интелегентен и паметен да сватите, но очекувате ние да молчиме, а вие бегло да си ја протнете работата на штета на Македонскиот народ. Сме биле деструктивни! Зошто сме биле деструктивни, затоа што имаме 10-тина пратеници од опозицијата и критикуваат одредени законски решенија. Зошто тоа вас ви смета и вие му давате "име на деструктивност". Зошто сме деструктивни? Затоа што излегуваме и говориме отворено за сите аномалии , за кои сметаме дека не држат вода.

Јас вистински сакам да ве слушнам овде на говорница, аргументирано некои работи да ги објасните. Немојте да ги гледате работите само од ваш национален аспект. Ако Македонија е дефинирана како граѓанска држава, а вие цело време се борите за вашите етнички знамиња, утре и за употреба на вашиот јазик, неемојте да суфлирате дали сум вон точката или не, не сте вие тој кој може да ме прекинува и немате право да ме прекинете. Пошто овде се говореше за се и сешто, а сметам дека битно ова да го спомнам, немојте со мимики и мимикрии да му давате знаци на потпретседателот дали треба да ме прекине, а кога ќе барате збор имате копче и притиснете го. Потпретседателе, ако некој ви дофрла, а вие не го прекинувате , повторно условен рефлекс е јас да му вратам, но културно, не безобразно. Полека, потпретседателе, смирете се , ви ја почитувам функцијата, но почитувајте не и вие нас.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски повелете сега една минута. Јас не се нервирам туку ви соопштувам, ви создавам услови за да можете да дискутирате. Затоа ви велам продолжете да дискутирате.

**Александар Флоровски:** Како ми создавате услови кога секој галами овде. Гледате и самите.

Значи, ако нашата деструкција се состои во тоа што ние даваме 50-тина односно 60-тина амандмани на овој закон и вие тоа го сметате за деструкција. Јас ќе му дадам една сосема друга квалификација, дека се плашите од она што ние го нудиме. И покрај тоа што вие веќе имате дил и договорени сте да тече оваа, како да ја наречам шит работа, да ја поттуркате овде во Собранието на штета на мнозинскиот народ, да не кажам на штета на мојот сопствен македонски народ. Да не звучи многу патетично, не сакам да бидам патетичен.

Значи, кога говорам за граѓанска држава, во таа граѓанска држава и вие живеете, а цело време овде се борите за вашите етнички симболи. Утре ќе се борите и за употреба на јазикот и не знам уште какви не работи ќе измислите во функција, демек ова влече корен од Охридскиот рамковен договор. Па дајте веќе прекинете со овој Охридски рамковен договор. Преку глава ни е дојдено. Пишува таму што е, како е и опфатено е. Што уште сакате од нас. Што уште сакате од македонскиот народ, кои отстапки уште да ги направи.

И во член 6, не можам да се изначудам во мојата сопствена македонска држава некој да може да го употребува знамето македонско, а не мора. Па кој си зема за право да нуди вакви решенија. Дали тоа во Албанија може да се случи, како албанец одговорете ми. Може а не мора. И да непоставувам примери, можам да одам со таа женска ако сакам, ако ми се допаѓа, ако е атрактивна. Да бидам попластсичен за да ме разберете. Не можете вие да се играте со овој народ. Сакам да излезете овде и да полемизираме. Добивам чувство дека сте глувонем цело време. Десет пати ве повикуваат, вие не наоѓате за сходно да излезете. Сакам да ви кажам дека цврсто чекориме кон бинационална држава. Ова како повик од македонските пратеници и замките кои цело време ни се поставуваат, кои се повеќе очигледни, некој бегло и лесно ги прифаќа, а после доаѓа фазата на федерализација, па бинационална држава. На крај ќе не најде судбина на северозападна Македонија, она што се случи во Косово. Играта, повеќе од јасно, е очебијна. Никој овде во државава не е мутав да ги види работите како се одвиваат.

Амандманот кој се нуди, еден нормален, еден логичен амандман каде место зборот "може" вели "доколку се истакне знамето на таа заедница (се мисли на вашата заедница), задолжително да се истакне и знамето на Република Македонија". Што има тука лошо. Па тоа е државно знаме изгласано во вториот Парламент, од страна на македонските пратеници. Зарем до таму стигнаа работите, да ви смета и македонското државно знаме. Мене ми е јасна ситуацијата. Таа се чувствува. Лебди во воздухот и дека флоскулата сожителство е само мислена именка. Ништо друго. Ние живееме само едни покрај други, а не едни со други. И тоа мора јавно да се каже. Но, ако партиските интереси се ставаат над дрџавните, при тоа неводејќи сметка што ќе оставиме за идните генерации, освен името Република Македонија, а внатре, за жал, да падне македонскиот народ под 50% е една трагична ситуација која не можам да ја соџвакам во својот ментален склоп и некој ќе ме нарече јас сум зачаурен во сопствениот национален идентитет. Па да, сум зачаурен и сакам да Рамковен договор змислувам македондки, затоа што сум македонец и не можам друго да бидам. Не можам да бидам космополит и да сонувам за некои други соништа.

Сонувам за сопствената држава, сонувам за сопствениот народ. И по 20-ти пат кажав дека сум националист со тоа што си го ссакам сопствениот народ, но не мрзам други народи. Тоа е веќе национал-шовинизам, да не кажам фашизам итн.

Во Уставот стои унитарна држава. Која унитарна држава. Ние се лажеме тука меѓу нас. Каква унитарна. Тоа се работи кои воопшто не држат, освен на хартија. Македонија чекори кон она што значи федерализација. Ако вистински некој сака да гради граѓанска држава, можеше во овој член 6 и во претходниот член 2, да вградат дел од македонските атрибути, она што значи историско минато на овој македонски народ, кое не е мало, кое трае 12 - 13 векови. Ако одиме по она што го пласира МАНУ, ако одиме по новите научни истражувања, можеме да си ја бараме македонската држава 1000 или 2000 години пред Христа, како што го прават тоа сите наши балкански соседи.

Значи, заменик министре, знакк на добра волја треба да биде и прифаќање на овој амандман од госпоѓа Којзеклиска и од пратениците Бонева, Китановски и Ефтим Манев. Имате ли вие мандат од Владата за оваа работа. Одговорете ми веднш, имате или немате. Ако немате, кажете не можам да одам понатаму, вака е договорено во Владата, вака ќе постапувам. Не сакам да бидам учесник во една предавничка политика. Сакам да остане овде знак дека Александар Флоровски, на ден тој и тој говорел за тоа и тоа, во интерес на сопствениот македонски народ. Елементарно човеково право е секој да се бори за сопствената нација и да се избори и ви гарантирам дека ќе се избориме, не по пат на сила, по пат на договор и меѓусебно разбирање. Но, овде да се нудат, ќе кажам повторно, решенија некој во Македонија од некојаси локална самоуправа, што ја знам таму со десетина села, може а не мора да го вее македонското знаме. Па има ли поголем срам од тоа. Јас се надевам дека овде многу пратеници од позицијата подсвесно се согласуваат со мене, но има една македонска изрека која многу пати ја повторувам "угоре високо, удолу длабоко", нема што да прават и они, како заробеници на политичките и партиските елити.

И тука ќе завршам затоа што ќе имам сигурно шанса за една минута конта реплика.

Заменик министре, очекувам да ми одговорите на овие прашања не со климање на главата, да излезлете овде машки, да кажете имате ли мандат да прифатите од нас нешто, или нашите маки овде се безполезни. Само на тоа одговорете ни, ништо повеќе не бараме. И да престанете да се играте со македонскиот интегритет. Тоа сакам да ви го порачам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Право е на секој од поканетите на седницата кој кого ќе означи и кога како ќе се јави за збор.

Второ, иако се обидував во текот на дискусијата да укажам, јас неколку пати сум замолил да употребуваме зборови кои се достојни на овој парламент. Но, очигледно секогаш не се послушува тоа.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе, очигледно имаше некое недоразбирање. Јас би сакала да се потрудам колку можам да го кажам тоа што стои или лебди како непознаници.

Има огромна разлика, незнам колку колеги пред мене кажуваа, меѓутоа, морам уште еднаш да го повторам, помеѓу зборот може и зборот мора, посебно во правната терминологија.

Колегата Јани Макрадули кажа дека на денешната седница си зборува за амандман по предлогот за донесување закон за употреба на знамињата на заедниците и тоа е така. Меѓутоа, мора да разбереме дека овој закон кој денес се предлага, овој небулозен и непристоен предлог од страна на Владата е лекспецијалист или закон над кој потои некој друг закон, а тоа е основниот закон, законот за грбот, знамето и химната на Република Македонија. Сега, кога ја правима таа паралела, почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, во членот 15 се вели "знамето на Република Македонија може да се истакне", се употребува истиот термин кој постои во членот 6 "можат да се истакнат знамињата на Република Македонија и знамето на таа заедница".

Во условите или во дадените можности кога може да се употребува, многу интересен е ставот 1 точка 1 од Законот за употреба на грбот, знамето и химната во кој се вели "Знамето на Република Македонија може да се истакне на објектот во кој е сместено дипломатското или конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, на резиденцијата на Шефот на претставништвото и на превозните средства кои тој лично ги користи за вршење на службени должности". Меѓутоа има една запирка која после која се вели "во согласност со соодветните меѓународни договори, прописи и обичаи во земјата во која се наоѓа претставништвото односно правилата и практиката на меѓународната организација при која се наоѓа претставништвото". Од овој член се црпе и членот 6. Значи, државното знаме на Република Македонија може да се истакне само доколку тоа го дозволуваат правилата, прописите и обичаите во земјата во која се наоѓа тоа дипломатско претставништво или конзуларно претставништво. Што правиме сега ние со овој член од предлогот за употреба на законот за знамињата. Ние бараме да не се почитува основниот закон, лексгенералис, значи Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, не си ги почитуваме останатите закони и не си го почитуваме правниот поредок кој ние секојдневно го создаваме тука, како пратеници, туку едноставно само ги сослушувате, ова е упатено до Владата, не само што ги сослушувате, туку и имплементирате сите оние желби кои водат кон бинационална држава и

остварување на правата на една заедница во Република Македонија која е дел и која не може да свати, јас незнам колку пати тоа треба да го кажам, можеби и на албански ќе треба да го научам за да ме разберат колегите албанци. Тие, точно се албанци, арно ама живеат во Република Македонија, се државјани на Република Македонија, се граѓани на единица на локална самоуправа каде граѓаните, согласно законот за локална самоуправа и дефиницијата која постои таму, членот 16 кој вели "општина се основа за подрачја на едно или повеќе населени места во која граѓаните се поврзани со заеднички потреби и интереси на кој постојат услови за материјален и општествен развој и за учество на граѓаните во одлучувањето за локалните потреби и интереси". Ние почитувани колеги пратеници, со ваквиот предлог на закон и со неусвојувањето и еден комплетно ирогантски однос од страна и на претставникот на Владата и не изгласувањето на амандманите од колегите пратеници, дефинитивно кажуваме дека Република Македонија се загуби во патот кон Европската Унија и НАТО структурите, затоа што ние не знаеме да се почитуваме самите себе. Не можат колегите албанци да разберат дека во договор треба да има некогаш отстапка и од едната и од другата страна. Тие упорно инсистираат за употреба на тоа албанско знаме кое било уредено како национално знаме во Уставот на Албанија и ние сега тука треба да го имплементираме, значи, Уставот на Албанија во нашиот правен систем. Па тоа е нешто невидено. Тоа е парекселанс во правната пракса во Република Македонија. Незнам уште колку пратеници се пријавија, дали се за збор или за реплика, меѓутоа, можеби овој амандман ќе побуди интерес кај поединците да гласаат за амандманот. Ако уште малку бидам инспирирана од колегите, верувајте дека ќе си го задржам правото уште еднаш да се јавам за збор.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Информиран сум дека господинот Жерновски има процедурално.

Повелете господин Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, ссакам да соопштам нешто од име на пратеничката група на Либерално-демократската партија.

Овие некоку дена дискутирајќи за овој закон, дојдовме до впечаток, не само ние туку сите колеги дека овој закон е исклучително битен и сметаме дека тука треба да биде присутен министерот за правда. Со секоја должна почит кон заменикот, меѓутоа ние сметаме дека за ваква битна тема треба да биде присутен министерот за правда. Од тука сакам да соопштам дека ние сега ќе ја напуштиме работата на парламентот и ќе присуствуваме кога ќе дојде министерот, зтоа што нема никаков изговор министерот да не биде присутен овде за ваква битна тема.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има уште 40 минути до крајот на седницата. Ние ќе продолжиме, а јас ќе побарам писмено министерот за правда да биде присутен во продолжението на оваа седница.

Повелете господине Ивановски имате збор.

**Игор Ивановски:** Почитувани колеги, не знам, после ваква расправа од речиси два часа за еден амандман, а после, речиси некоку дена расправа, со мојата дискусија дали ќе успеам да помогнам или не.

За жал се доведовме во една ситуација, после повеќе одбиени амандмани, за овој амандман да имаме многу сериозна дебата во каде реториката е уште посериозна, односно не се бираат зборови да се каже она што се кажа во изминатиот период каде македонците се обидуваат да бидат поголеми македонци, а да докажат дека другите македонци не се македонци или обратно, она што е можеби најдоминантно дека албанците се тие кои сакаат да го загрозат вклучително и македонското знаме.

Мое мислење е, незнам дали го делат и другите колеги, дека ние имаме овде многу несреќна ситуација од технички, или ако ги прашаме правниците номотехнички карактер и дека текстот на законот кој е пишуван во Министерството за правда, можеби недоволно прецизно ја употребило или дефинирало оваа ситуација. Ако се прашуваме, во ваква ситуација имаме два начини на толкување на законите, впрочем како и кај сите закони. Едниот е политичкиот и другиот е формално-правниот. Ако се прашам јас од политичкиот аспект, кај мене нема сомневање дека самиот член 6 со тој став што го споменуваме, дозволи ситуација во ко ја, во наведените случаи, во употреба можат да бидат, знамето на Република Македонија и знамето на етничката заедница, со мнозинство кое е претходно регулирано. Односно кај мене нема дилема дека употребата на македонското знаме ќе биде во прашање, ако го толкувате политички.

Бидејки ниту сметам дека со донесувањето, во принцип, на овој закон македонското знаме е загрозено, дека македонското знаме нема да биде употребувано или ставено под знак прашање, односно единствено сакам онака како што Владата, претпоставувам и поголем дел од пратениците во оваа сала пристапи кога стана збор за овој закон, е како конечно после толку време и после една лоша предисторија, кога станува збор за ова прашање, ќе ја регулираме употребата на знамињата на етничките заедници, и тоа знамиња кои тие ги прифаќаат за свои согласно она што ние го велиме, на начинот на кој ќе го употребиме. Ова го кажувам од проста причина, неверувајки дека ќе ја разубедам опозицијата, ниту пак тоа е мојата работа, ниту пак дека доволно добро ќе ја одбранам Владата,

бидејќи тоа исто така не е единствено моја работа. Не верувам дека до крај ќе успееме да ги доближиме аргументите, но не сакам да се одалечиме премногу во една работа, а тоа е да се наметне во оваа расправа по овој конкретен член и по овој конкретен амандман дека македонското знаме како единствено државно знаме на Република Македонија нема да биде употребувано во услвоите наведни во овој член, државни настани, спортски, културни и ред други, да не ги набројувам, доволно ги спомнувавме во овој период. И тоа е клучната работа која што мислам дека е најопасна и како најопасна теза може да се извлече од оваа дискусија.

Од друга страна номотехнички мислам дека и во пишувањето на законот, но и во онаа процедура пред започнување на оваа пленарна расправа не беа искористени можностите да може на малку попрецизен начин зборот "може"да се зацврсти. Во тој контекс, сега ќе се согласам, мислам дека господинот Макрадули тоа го кажа претходно дека ако навлеземе во хипотези од најоптимистичките до најпесимистичките тоа би изгледало вака, ако го толкуваме зборот "може": во тие и тие услови може да се употреби македонското знаме и знамето на етничката заедница, може да се употреби македонското знаме а не и на етничката заедница, може да се употреби, пардон, знамето на етничката заедница, а не на Република Македонија и она можеби најклучното, може да не се употребат и двете. Значи ако навлеземе во сите хипотези во теоријата на веројатноста, во овој момент се четири, веројатно нема повеќе и пермутациите се толку. Тоа го кажувам од проста причина што не само во овој закон, можеби во овој момент сме чувствителни и повеќе емотивни, вклучително и помалку рационално влегуваме во оваа дебата, но една работа за мене е јасна: Не сакам воопшто да имам дилема, а не сакам ни еден македонски граѓанин, без разлика дали е македонец, албанец, србин, ром, влав и т.н. да има дилема дека во оваа држава по сите поводи регистрирани со закон и со претходен закон, не со овој, на сите настани македонското знаме нема да се употребува. Не, тоа нема и не смее да биде случај. Како ќе се употребуваат знамињата на етничките заедници разговараме денес. Онака како што е напишан текстот во овој член, сега тука е и минситерката за правда, можеби таа ќе појасни, сметам дека кумулативнсота, значи знамето на Република Македонија и знамето на етничките заедници се опфатени и тоа се однесува на двете, па ако најголема скепса во целата двочасовна расправа денес беше дали ќе се употребува македонското знаме, претпоставувам тоа беше скепсата и дилемата, е апсолвирана, односно ако зборот "може" се однесува на македонското и другото знаме, значи на двете, во таа ситуација без разлика како ќе биде знамето на етничката заедница, македонското знаме како државно е апсолвирано. Дури сметам, за жал, не треба ни да се доведуваме во ваква расправа, бидејќи за мене расправата е апсурдна околу тоа дали ќе се вее македонското знаме или не, тоа е факт и тоа е атрибут на македонската држава. Тоа не смее да се дискутира, не смее да има дилема. Тоа е клучната работа кога стана збор за овој член. За жал, јас се согласувам и со самото мое говорење учествувам во таа апсурдност, која што сметам дека можеби е произлезена од некој, како што велат правниците, номотехнички карактер. Сега кога го толкуваме законот, а ние сме, покрај Уставниот суд како приоритетен, ние сме тие кои ги носиме, во дадени ситуации бараме толкување на многу законски одредби. Кажувам како јас би го толкувал законот, ако тоа може да им помогне во убедувањето на едните или во разубедувањето на другите. Ако не, секој си останува на своето индивидуално мислење. Она што сметам ќе го повторам по трет пат, бидејќи тоа за мене е клучната работа, сметам дека така размислуваат и моите колеги од опозицијата, така сакаат и верувам размислуваат сите граѓани на Република Македонија дека со овој член, на овој начин македонското знаме не е загрозено. Македонското знаме како државно знаме ќе се вее на сите  места, по сите поводи на целата територија на Република Македонија. Тоа го обезбедува кумулативноста, тоа го овозможува она зборче за кое два часа разговараме "може" и сметам дека , како и да продолжи понатаму дискусијата, без разлика кој ќе дискутира, воопшто да не го доведува во дилема прашањето дека македонското знаме ќе биде на оние места каде и со претходен и со овој закон е регулирано, на целата територија по сите поводи.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Министерот за правда е присутен, министерот за правда има збор. Повелте госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Сметам дека е добро да дадам и мало појаснување на членот 6 од предложениот закон на материјата која ја регулира и на начинот на кој е пропишано со овој член да се употребува знамето на Република Македонија и знамето на друга заедница. Се работи за ситуации како што се меѓународни средби, натпревари и други собири, политички, научни, културно-уметнички, спортски и други, на кои единицата на локална самоуправа е организатор, учествува и е презентирана во согласност со правилата и практиката на одржување на тие собири и при прослави, свечености и други политички, културни, спортски и слични манифестации кои се од значење на единицата на локалната самоурпава. Во членот 6 е пропишано дека вакви манифестации во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедниците и се мнозинство во таа заедница на локална самоуправа, можат да се истакнат знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница. Тоа значи кумулативно поставување на двете знамиња, на знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница

во случај кога знамето се истакнува, т.е. кога се истакнуваат знамињата. Мислам дека голем дел од пратениците се правници и можат точно да знаат каков е начинот на толкување на зборовите во правото и номотехнички, бидјеки сепак толкувањето е многу значаен дел од примената на законите за да може тие правилно да се имплементираат и така дефинираниот член не создава забуни, туку напротив, можат но не мораат двете знамиња-значи се работи за истовремено истакнување на двете знамиња. Ова е така пропишано и затоа е употребен зборот "можат" што во правото правниците знаат дека кога стои "може", значи може но не мора, значи така е пропишано за да може при вакви меѓународни средби, натпревари и други собири, да се остави на организаторот и слобода дали ќе се истакнуваат знамиња или нема да се истакнуваат. Ако не се истакнуваат, нема истакнување на знамиња. Во случај да се истакне знамето на Република Македонија, се истакнува и знамето на таа заедница.

Морам да кажам дека со предложените амандмани, во случај кога би се прифатиле, оваа диспозиција која ја има организаторот токму за да не се оптоварува секоја манифестација со истакнување на знамиња, би се изгубила и тогаш задолжително би било истакнување на знамиња. Во претходните членови во текстот на законот е предвидено во кои случаи задолжително се истакнува знамето на Република Македонија и знамето на друга заедница, така како што е пропишано во членовите. Мислам дека ваквиот начин на кој е дефиниран и пропишан предложениот член 6 од законот не дава можности за заблуда. Напротив, членот е јасен и значи една инаква позиција во примената на истакнувањето на знамињата од оние задолжителни пропишани во претходните членови. Можат да истакнат знаме на Република Македонија и знаме на таа заедница. Во правото кога посоти сврзникот "и" тоа значи кумулација, а "или" тоа е сосема нешто друго и не треба овие работи да се мешаат.

Затоа, сметам дека овој закон, овој член навистина ги задоволува потребите што локалната самоуправа би ги имала во случај на организирање на вакви манифестации, каде што навистина нема потреба секогаш да бидат истакнувани знамиња, но во случај да се истакнуваат, ќе повторам уште еднаш, се истакнува знамето на Република Македонија и знамето на другата заедница.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали имаме реплика?

Повелете госпоѓо Бонева, три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Ќе и поставам прашање на госпоѓата минситер, бидејки цел ден поставувам прашања на господинот заменик минситер. Не сега да ни објаснува за членот 6, бидејки отидоа многу поголеми работи отколку членот 6 и веројатно многу полесно и беше на минситерката да ја нема овде, па да си одмолчи заменикот минситер на сите прашања. Сега би сакал да ни даде одговор и толкување, како што кажа, на правниците кои се овде во овој Парламент како таа го толкува проширувањето на Рамковниот договор со одредби кои не се внатре...

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, реплицирајте на она што е кажано.

**Силвана Бонева:** Цел ден чекаме госпоѓата министер да даде одговор за прашањата кои ги поставивме.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, имате пратенички прашања.

**Силвана Бонева:** Ние расправаме поовој закон, а не по пратенички прашања.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, реплицирајте на она што е кажано, дискутирано и расправано и образложено од министерот. Ве молам, немојте да се враќате назад.

**Силвана Бонева:** Воопшто не се враќам назад. Должна е министерката за правда да даде одговор пред македонската јавност зошто се проширува Рамковниот договор и зошто се крши Уставот на државата Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, тоа беше во образложението, ве молам.

Госпоѓо Којзеклиска имате три минути реплика.

**Марија Којзеклсика:** Благодарам претседателе.

Министерката, за жал не беше тука преекса, јас говорев за овој амандман и токму толкувањето на ова што го зборуваше таа, на зборот може и мора. Она што го вели минситерката дека може да се истакне знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница, според мене не е добро образложение и не значи, министерке, дека знамињата истовремено ќе бидат истакнати. Иако има казнени одредби во законот, во предложениот текст во членот 11, во кој се вели дека од 30 илјади до 200 илјади ќе се казни за прекршок правното лице кое постапува спротивно на членот 6 од овој закон, во овој случај излегува дека единицата на локална самоуправа ќе биде казнета или задолжена да плати, меѓутоа, што ќе се случи, дали не сметате дека може да се случи при меѓународни средби да се истакне само знамето на албанската заедница. Што ги обврзува нив да го истакнат македонското знаме? Апсолутно, со овој член 6 тие немаат облигаторна обврска да го истакнат знамето на Република Македонија. Јас и преекса говорев, сега и вам ќе ви кажам. Лекс генралис е законот за употребата на знамето, грбот и химната на Република Македонија. Лекс специјалис е овој закон за кој разговараме денес. Овој закон и претходните амандмани, во чија расправа за жал вие не учествувавте, меѓутоа, зборувавме дека се препис на одредби од Законот за употреба на грбот, знамето и химната, прилагодени на интересите на албанската заедница во Република Македонија, она што и одговара на нив, се разбира, и би сакала само да го напоменам оној член 15 од Законот за употреба на грбот и знамињата, кој како формулација сте

го презеле за овој член "може". Знамето на Република Македонија може да се истакне на објектот во кој е сместено дипломатското или конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, на резиденцијата на шефот на претставништвото и на превозните средства што тој лично ги користи во вршење на службените должности, па има една запирка, "во согласност со соодветните меѓународни договори, прописите и обичаите во земјата во која се наоѓа претставништвото, односно правилата и практиката", што укажува дека знамето на Република Македонија може да се истакне, ама ако дозволуваат правилата во земјата. Ние овде отстапуваме од сите правила, не си го почитуваме основниот закон, Законот за употреба на грбот, знамето и химната. Јас не знам што е спорно во овој амандман што е предложен и апсолутно не се согласувам со вашето образложение дека може да се стави еднаквост меѓу зборот "може" и зборот "мора"во правната терминологија. А за ова "и" "или" се согласувам дека е така. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, три минути реплика.

**Александар Флоровски:** Министерке, со сета почит, не се сите овде правници, а јас многу пати говорам овде дека од тројца правници ќе имате пет различни мислења, за што некој ќе ме подржи, некој ќе се спротивстави.

Прво да го видиме етимиолошки коренот на зборот "може" и "мора" што значи. "Мора" е нешто обврзувачко, што обврзува некого да го нарпави или нешто да направи, "може" значи ако сака да ја направи таа работа. Оние правни толкувања кои вие ги дадовте јас како лаик не можам едноставно да ги разберам и за тоа ќе треба да организираме тркалезна маса да видиме што значи "може" и "мора".

Втората и многу битна работа која ја истакнавте, организаторот на одредената манифестација одлучува дали ќе се истакнат знамињата и стои казна од 30 илјади до 200 илјади денари. Што е казната од 30 илјади до 200 иладји денари ако некој сака да манифестира власт на одредена територија со истакнување само на сопственото знаме, а го нема државното знаме на јарболот каде што треба да биде? Мислите дека нив ќе ги тангира казната од 30 илјади денари да не го истакнат ова државно македонското знаме? Па само свртете се околу вас, ќе ви биде јасно. На сите можни прес конференции, јавни манифестации, па со дурбин да барате или да сме ќори ќе видиме дека нема македонско знаме. Дајте еднаш да прогледаме, да размислуваме малку понационално, да не кажам помакедонски. Што е тешко да се прифати амандманот да се инкорпорира наместо зборот "можат", да се брише овој дел и да се прифати амандманот од тројцата пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Зарем тоа е тешко? Навистина ве замолувам да направите напори, вие во име на таа македонска кауза, која сигурен сум ви лежи на вас, да се направи измена да се прифати еден најобичен амандман, кој гарантира суверенитет на македонската територија, со тоа што ќе виси, покрај знамето на етничките заедници, да виси ова македонско знаме. Едното ни го земаа, се надевам дека барем ова нема да ни го земат. Благодарма.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Збор или контра реплика, незнам како да го формулирам тоа, но повелте, имате збор госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Господине претседателе, би сакала само да нагласам дека членот 6 има и став 2 и внимателно треба да биде прочитан и ќе ја искористам можноста да го прочитам.

"Во случаите од став 1 на овој член", значи сето тоа што претходно го зборував, "знамињата се истакнуваат истовремено пред и во објектите во кои се одржуваат средби, натпревари, собири, прослави, свечености и манифестации". Значи во самиот став 2 точно е пропишано кога би се користеле, кога ќе се истакнуваат знамиња, дека двете знамиња истовремено се истакнуваат.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Краљевски, вашите три минути.

(Реакции од пратеници).

Нема Флоровски право. Исклучете го микрофонот ве молам. Бидејќи беше помалку од минута и од три минути немате право.

Повелете.

**Чедомир Краљевски:** Почитуван претседателе, почитувана министерке, заложбата за прифаќањето на овој амандман, мене ми наликува на народната поговорка:"ги изгубивме очите, па сега ќе ги спасуваме трепките". Ако диспозицијата како што велите вие на организаторот се истакнвуа или не, ако нормирањето на оваа состојба е во диспозиција на организаторот да истакнува или не знамиња, тогаш многу подобро ќе можело тоа да се регулира, ако се употребеше сврзникот "ако", или "доколку". Доколку организаторот истакнува, или, ако организаторот се реши да истакне знамиња, тогаш ќе го истакне државното знаме на Република Македонија и знамето на етничката заедница. Тоа значи дека така најдобро се решава. Вака доаѓа до една нејаснотија на оние што ќе го применуваат законот. А законите се прават за овие за да се применуваат правилно да ја постигнат својата цел. Ако тие што го применуваат законот се правно неуки, или се доведат себе си на ваков начин со свесна или несвесна заблуда за значењето на оваа норма, тогаш може многу лесно да дојде и до злоупотреба на примената на овој член 6.

За да се избегне целата таа ситуација, што го чини и министерот за правда, односно вас, или евентуално парламентарното мнозинство да го прифати овој многу логичен амандман кој ја решава целокупната оваа нејаснотија околу примената на членот 6 од овој Предлог-закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, почитувана министерке,

И покрај сета почит кон она што го предлагате во членот 6 и покрај сето она што го кажаа овде моите колеги, морам да признам дека амандманот предложен од колешката Марија Којзеклиска, навистина е еден логичен, правно издржан (аплауз) и она што посебно би сакал да го истакнам мислам дека е правно издржан.

Навистина, вашето појаснување дека во единиците на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа заедница на локална самоуправа, соглсано член од овој закон, можат да се истакнат, значи повторно доаѓаме до зборовите: "можат да се истакнат, знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница". Во образложението што го кажавте дека доколку организаторот смета . Меѓутоа, морам да ви признам дека не е ниту логично, ниту е правно издржано и затоа лично сметам дека одредбата покрај знамето на Република Македонија, може да се истакне и знамето на таа заедница, е сосема пологично, поприродно, номотехнички прифатливо и јас овој амандман ќе го поддржам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Почитувана министерке, почитуван претседателе, колеги пратеници, после четири или пет дена дискусија и нашата заложба како опозиција да го поддржиме и она што беше предложено од позицијата, до сега не помина ниеден амандман. Се надевам дека токму овој ќе биде амандманот кој, како што кажа господинот Краљевски, "ги изгубивме очите, сега трепките ќе ги браниме" или Солун замина, сега за Лерин ќе говориме. Но во секој случај, имаме една ситуација каде што се е чисто и јасно. Сега јас покрај тоа што го слушнав од госпоѓата министерка, не сум правник, морам да признам, но ова ми изгледа толку логично, што не знам што вас како правник ве тера и понатаму упорно да ми кажувате дека може да се истакне знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница и нешто поинаку, од ова што покрај знамето на Република Македонија, може да се истакне и знамето на таа заедница. Сега, не само правнички, не само логички, мислам дека во сите варијации, ова е подобро решение и обврзувачки е. Вие тука во оваа ситуација кажувате можат, но за мене, како математичар, јас ќе кажам и не мора. И сега имате член 11 каде што, кажа и еден мој колега имате 30 илјади денари казна. Јас можам, ама не морам и нема да го истакнам, ќе ја платам таа казна и ќе се заврши се тука. Но за мене, во ставот 1 има многу други нејаснотии, што вие само ги прочитавте, а ги читаме и сите ние. Значи велите при меѓународни средби, натпревари и други собири, политички, научни, културно-уметнички, спортски, на кои единицата на локалната самоуправа е организатор и тоа е во ред учествува не знам како, или е презентирана, во согласност со рпавилата и практиката на одржување на тие собири.

Госпоѓо министерке, јас сега ќе ве прашам што значи тоа во еден спортски натпревар да учествува единица на локална самоуправа, кажувате за меѓународни натпревари. Дали тоа значи дека тројца од таа екипа се од некоја единица за локална самоурпава, се од некоја етничка заеднциа и ние како единица на локална самоуправа ќе донесеме одлука на тој меч да го вееме знамето или да не го вееме. Вие ќе ми кажете според организаторот, а организаторот сме ние и ние поставуваме знаме, кое што во тој момент ќе се вее на тој натпревар. Што има врска етничката заедница со она што е претставено на меѓународен натпревар, каде што учествува репрезентација на Република Македонија на меѓународен натпревар во кој што се случуваат овие активности.

Мислам дека начинот на кој можеби ова било од негде препишано, затоа што сето ова што го кажуваме, сето ова што го гледаме околу нас, тоа е жалосно. Мене воопшто немаше да ми биде проблем ова знаме и ова што тука го кажувате да го прифатиме, доколку во моментот во Република Македонија, поминувајќи низ северозападниот дел, ќе видите едно македонско знаме. Такво знаме нема. Има знаме на друга држава и вие како Министерство за правда и Министерството за внатрешни работи што имаат превземено. Законот за знамиња го имаме донесено. Законот за државното знаме постои во Република Македонија. Што е сторено да се санкционира барем еден, дали е тоа локална самоуправа, дали е поединец, физичко лице, да се случи она што ни се случува. Имавме меѓународен натпревар во Тетово каде што играа македонската репрезентација и репрезентацијата на Албанија и се вееше само албанското знаме. А стоеше транспарент од 40 метра на кој што стоеше балисти и ништо повеќе. И сега секако дека имате во тие закони, бидејќи едно знаме што беше во димензија метро на метро, некој одговараше, беше приведен, беше поведена постапка и беше санкциониран. Сега ние не можеме да најдеме кој го симна знамето на натпреварот на финалето на купот на Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски вратете се на амандманот.

**Спиро Мавровски:** Се извинувам, овде станува збор за дел од овој закон каде што ние повторно ќе вееме знамиња, како што ги вееме сега. Затоа, ја прашувам министерката дали тоа значи дека во таа единица каде што се одржува меѓународен натпревар, дека мора да се вее знаме на етничка заедница. И со ова, вие треба да решите и да одлучите.

Значи, обврзувачко и единствено е знамето на Република Македонија. И тоа сите граѓани на Република Македонија мораат да го почитуваат.

Тоа е тоа што сите ние го сакаме. Вие со ова обврзувачки, апсолутно ништо не кажувате. Можат, но и не мораат. Сега ви се нуди нешто со кое ќе се дефинира дека каде што е знамето на Република Македонија може, но и не мора да се вее знаме на етничка заедница. Што според мене вие ќе треба да ги дефинирате и овие спортски, политички, културни и не знам уште какви настани на кои што можат да се веат две знамиња од една држава и едно македонско знаме. Дали е тоа целта на овој закон? Дали е целта да го постигнеме тоа, или ние сега хипотетички ќе треба да размислуваме за се она, сега сме на членот 6, за членот 2 расправавме повеќе од три дена. Од вашиот заменик министер и покрај сите повикувања, апсолутно ништо не добивме. Можеби човекот и не знае, не знам, но во секој случај ние останавме, што велиме за она што беше најважното, тука помина. Сега останува, вие како Министерство за правда, бидејќи гледам дека ќе ја терате работата, како што ја терате и дека ќе оди понатаму ова како што одеше до сега. Останува ние да го бараме она што е право на македонскиот народ, да го бараме Уставен суд, или да бараме во Стразбур решение за сето ова што вие ни го нудите. Ако овој е европски закон, а вие кажувате дека е така, дека со овој закон ние се приближуваме до Европската унија, јас апсолутно, не знам на која ваша посета како министер, дали сте биле заедно со претседателот на државата, или не знам каде сега.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски зборувајте за амандманот, а не за законот.

**Спиро Мавровски:** Добро, членот 5 став 2 каде што зборува и за овие посети и за меѓународните натпревари и културни манифестации, кои што се одвиваат и во соседните наши држави, каде што и вие можеби како претседател на Собранието и нашиот претседател на државата и премиерот и министрите биле присутни, дали некаде виделе друго знаме, освен национално знаме на државата во која што сте гости и вашето знаме, ако ја имаме таа чест да биде истакнато, значи македонското знаме.

Ако ние си дозволиме во една држава да се веат две знамиња на туѓа држава и нашето знаме, јас ќе се чувствувам многу непријатно и многу нелагодно во мојата сопствена држава да гледам две знамиња, посебно за вас како минситер, или како претседател на држава, или како претседател на Собрание или премиер. Дали знаеме каде одиме со овие закони? Мислам дека неколку пати е помината таа црвена линија. Секој си поставува некои услови, ова е по Уставот на Република Македонија, ова е по Охридскиот договор и сега тука можеме за се да говориме. И кога сето тоа ќе падне, кога го нема во Охридскиот договор, тогаш ќе бараме начин како ова да го изиграме и како некому да му дадеме право, тоа право еднаш добиено, е добиено засекогаш, како правник вие подобро знаете и се што е подобро за една етничка заеднциа, после тоа не може да се одземе. Тука сега е нашиот проблем. Ние што да правиме? Можеме само со амандмани, рековме да го повлечеме, да се даде на јавна расправа да говорат научници, стручњаци, луѓе што разбираат за членот 5 и ставот 2 и овој амандман што е предложен. И кога ќе добиеме таква информација, тогаш е се во ред. Сега, вие го толкувате на еден начин, ние го толкуваме на друг начин, Јас ја вклучувам тука и голем дел од позицијата и мислам дека посебно, овој амандман, апсолутно, ништо нема да смени ако вие го прифатите и во старт го кажете тоа. Не знам, можеби вие го пишувавте законот, или го пишувал некој друг, а вие само го интерпретирате пред нас. Но имате грешка. Дефинитивно имате грешка. Правно, или вие како што го гледате можеби е во ред, но сите што го гледаме, гледаме дека тука има голем проблем. Проблемот ќе стои не само за денес, не само за нас, овој проблем останува. Ако сега овој закон помине и покрај сите жалби до Уставен суд и до меѓународни институции, кои што сигурно ова ќе го побијат и ова не може вака да биде по сите нормативи, ако сакаме да се движиме кон Европската унија. Ако сакаме да бидеме како што кажа претседателот исклучок и само со исклучоци да стигнеме до правилото, а правилото треба да биде Европската унија, апсолутно, никој нема да не почитува. И не не почитува. Вие мора да застанете она што е ваше да го браните. Ако тоа не се случи, а сега не се случува, дефинитивно е тоа така, не зборуваме ни за национализми, ни за шовинизми, ни за други работи, говориме за право, за Устав и за нешто што треба да им се даде.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски ова е втора дигресија, ве молам. Може да имате и трета дигресија.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе, трета дигресија нема да има, јас мислам дека овој амандман нашата пратеничка група и пратеникот кој што го предложи, ќе биде поддржан, значи ВМРО-Народна ќе го поддржи. Мислам дека позицијата конечно, треба да сфатиме ние што кажав изгубивме многу работи, но ова е само еден дел нешто да се зачува од она што е изгубено. Но на крајот, ќе се вратиме повторно и се надевам дали со овој министер или со некој друг министер ќе расправаме за нешто што поминало, за нешто што изгубивме време за кое што се расправаме една недела, ќе продолжи расправата уште една недела, ќе се случи она што ни се случи со Тетовскиот универзитет. Може претседателот од утре да закажува седници, да работиме по цели ноќи, ќе работиме, не е проблем, но, од ова не бидува ништо. Од ова не бидува ништо затоа што треба еднаш да сфатиме дека прво требаше во понудите законот кој што ќе ги претставува знамињата на заедниците, вие тоа не го нраправивте. Оставивте толку широк простор на кој што секој може да толкува што сака и така толкува.

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Ви благодарам и јас господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Дополнително ќе бидете известени за продолжување на оваа седница. Тука ја завршувам денешната пленарна седница.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).